# Х Р О Н О Л О Г И Ј А

## ЗА БОРБЕНИОТ ПАТ НА ПАРТИЗАНСКИОТ ОДРЕД "ДАМЕ ГРУЕВ"

# Х Р О Н О Л О Г И Ј А

## ЗА БОРБЕНИОТ ПАТ НА ПАРТИЗАНСКИОТ ОДРЕД "ДАМЕ ГРУЕВ"

## С О Д Р Ж И Н А

страна

УВОДНИ НАПОМЕНИ .............................................. 1-4

I

ФОРМИРАЊЕТО И БОРБЕНИОТ ПАТ НА ПАРТИЗАНСКИОТ ОДРЕД "ДАМЕ ГРУЕВ"

- Формирање на одредот и акцијата во с.Смилево.......... 4-8
- Подготовка и напад на с.Кажани........................ 8-10
- Предавство и доведување на одредот на заседа.......... 10-12
- Одмазда на бугарскиот окупатор и загинувањето на Стив и Мите............................. 12-15
- Акција во с.Сопотско и поделување на одредот во три групи ................................. 15-16
- Поврзување со албанската партија и префрлување на одредот во македонските села под Албанија............ 16-19

II

ФОРМИРАЊЕТО И БОРБЕНИОТ ПАТ НА ПАРТИЗАНСКАТА ЧЕТА "ЈАНЕ САНДАНСКИ"

- Формирање и подготовка на четата за акција........... 19-21
- Одвојување група партизани за одредот "Даме Груев" и нивно страдање .......................... 21-22
- Формирање самостојна партизанска група над село Канино.......................................... 22-23
- Несреќно загинување на Станко и криза на четата....... 23-25
- Напад на железничка станица Српци-Беранци............ 25-27
- Судир на партизанска патрола со полицијата во градот......................................... 27-28
- Четата се префрлува во Леринско,потоа во Мариово...... 28-29

- Четата дознава за разбивањето на прилепскиот одред и се враќа во Битолско ............................ 29-30
- Одисеја на една партизанска патрола ................. 30-32
- Четата се припрема за зимување ....................... 32-33
- Судир на партизанска патрола со контраши кај с.Смилево ............................................. 33-34
- Во малото село Ореово во зимата 1942/43 беа сместени две војски ............................................. 34-35

III

ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЧЕТАТА "САНДАНСКИ"КОН ОДРЕДОТ "ДАМЕ ГРУЕВ" И АКТИВНОСТА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

- Непосредни подготовки и префрлување на четата "Сандански" во Преспа ................................ 35-36
- Италијанска офанзива ..................................... 36-37
- Недоразбирање кое се заврши среќно .................. 37-38
- Реорганизација на партизанскиот одред "Даме Груев".... 38-39
- Активноста на одредот во Костурско .................. 39-40
- Борба со контрашите во с.Кономлади .................. 40-41
- Одредот се префрлува во Леринско ..................... 41-43
- Договор за заедничко дејствување со грчкиот партизански одред "Вичо" ..................................... 43-45
- Упатена патрола за Дебарца ............................. 45-46

IV

ВТОРА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ОДРЕДОТ "ДАМЕ ГРУЕВ" И ВРАЌАЊЕ ВО ПРЕСПА ................................ 46-49

- Одредот "Даме Груев" по трет пат се реорганизира и заминува за Дебарца ................................ 49-52
- Активноста на одредот "Даме Груев" во Дебарца......... 52-53
- Создавање слободна територија ........................ 53-55

V

НА КРАЈОТ КАКО ЗАКЛУЧОК ................................ 55-64

# ХРОНОЛОГИЈА
# ЗА БОРБЕНИОТ ПАТ НА ПАРТИЗАНСКИОТ ОДРЕД "ДАМЕ ГРУЕВ"

Уводни напомени:

Прво.- Во априлската војна и по капитулацијата на Југославија 1941 година, Македонија беше поделена меѓу бугарските и италијанските окупатори. Оваа поделба беше посебно изразена во Преспа, каде што северозападниот дел го окупира и воспостави својата власт бугарскиот окупатор, а југозападниот дел го окупира и воспостави своја власт италијанскиот окупатор. Така беа повлечени вештачки демаркациони линии - граници не водејќи сметка за интересот и етничкиот состав на месното население. Како бугарскиот, така и италијанскиот окупатор набргу по воспоставувањето на своја власт презедоа строги мерки кон сите напредни луѓе, а пред се против комунистите и припадниците на НОД.

Во новосоздадените услови битолската и преспанската партиска организација успеа за кусо време својата револуционерна активност да ја приспособи на новите конкретни услови и потреби. Бугарскиот окупатор во текот на зимата 1941/42 година, успеа привремено да го придуши партизанското движење во некои делови на Македонија. Тоа затишје го искористи за да се нафрли и врз битолската и преспанската партиска организација и НОД, чија организираност и активност во тоа време беше во голем подем. Партиските организации подготвено го издржаа овој налет на бугарската полиција, така што во почетокот на 1942 година и подоцна битолската и преспанската пар-

тиска организација беа во можност и способни да прифатат голем број илегалци и да дадат голем придонес во натамошниот развој на партизанското движење во Македонија.

Второ.- Партиската организација во Преспа по окупацијата работеше во отежнати и специфични услови-поделена помеѓу бугарските и италијанските окупатори. Условите за работа во делот под бугарска окупација беа мошне тешки, додека во делот под италијанска окупација условите за работа беа малку подобри и тоа овозможи уште во зимата 1941/42 година во селата Царевдвор и Подмочане да најдат засолниште илегалците: Јосиф Јосифовски-Ѓорче, Илија Иговски-Цветан и Ѓоре Велковски-Коста. Во текот на пролетта 1942 год. битолскиот бран апсења зафати и неколку партиски активисти и од Преспа, меѓу кои беше и Илија Спировски, затоа беше принуден да се префрли во с.Подмочане.

Врските помеѓу партиските организации на Битола и Преспа датираат од порано, продолжени се во 1941 и засилени во 1942 год. Носители на оваа тесна соработка беа Стив Наумов и Мите Богоевски. Веднаш по неуспехот на Пелистерскиот партизански одред се заложија и целосно ангажираа за формирање на нов заеднички партизански одред на преспански терен, каде што беа условите поповолни за опстанок и дејствување.

Трето.- Развојот на партизанското движење во Битолско почна пролетта 1942 год. како резултат на нараснатите сили на НОД и јакнењето на теророт на окупаторските репресивни сили. Битолскиот партизански одред "Пелистер" е формиран на 22 април 1942 год. на Баба Планина помеѓу селата Лавци и Ореово, кој беше набргу откриен и во нерамна борба со бугарската полиција и војска наполно разбиен. Тоа и апсењето на голем број активисти на НОД (пролетна провала) на битолската партиска организација му нанесе големи загуби. Во таква ситуација тежиштето на партиската работа и активноста на НОД се

префрли на селските реонски комитети, кои беа мошне јаки и незафатени во апсењето. Така беше совладан и овој удар на бугарскиот окупатор и активноста продолжи со несмален интензитет.

Четврто.- Кон средината на јуни 1942 год. во Битола во строга илегалност се одржа состанок на градскиот комитет, на кој беа присутни Стив Наумов и Вера Ацева. Главен збор на состанокот имаше Стив. Тој го информира комитетот за текот на непосредните подготовки за формирање на нов партизански одред во Преспа на планината Бигла. За одредот истакна дека ќе биде бројно јак, составен од илегалци засолнети во Битола и Преспа, група битолчани, како и групи преспанци - војници кои дезертирале од бугарската војска. Исто така, кажа дека списокот на една чета е составен и со тоа се оди на формирање одред, а сукцесивно со неговото јакнење и стекнување на борбено искуство, во неговиот состав треба да се формираат и други единици. Поаѓајќи од таква ориентација во развојот на овој заеднички партизански одред од конкретните задачи, Стив посебно ја истакна потребата за мобилизација за нови борци-партизани и префрлување на потребно оружје во реонот на планината Бигла.

Петто.- Во врска со ова решение партиските комитети и воените штабови во Битола и во Преспа развија интензивна активност. Битолскиот воен штаб направи конкретен план за префрлување на дел од расположивото оружје во реонот на Бигла. Ресенскиот воен штаб донесе решение за инспекција да се утврди состојбата на оружјето и условите како да се чува. Околискиот комитет на Ресен побара од основните партиски организации да поработаат на тоа млaдинци да не одат во бугарската војска. Во почетокот на јули 1942 година - непосредно пред формирањето на одредот, другарите Ѓорче (кандидатот за пол.комиесар на одредот) и Димитраки Теговски (секретарот на околиски комитет-Ресен) беа во селата Сопотско и Златари, каде што се членовите на Партијата и СКОЈ имаа разговор во врска со формирањето на одредот и актуелните прашања околу безбедноста и снабдувањето.

Активностите на ОК на Ресен беа интензивни и по формирањето на одредот "Даме Груев", се до септември 1942 година кога поголемиот дел од членовите на ОК беа уапсени од бугарската полиција. Потоа, тежиштето на активноста се пренесе на реонскиот комитет кој дејствуваше во Преспа под италијанска окупација.

## ФОРМИРАЊЕТО И БОРБЕНИОТ ПАТ НА ПАРТИЗАНСКИОТ ОДРЕД "ДАМЕ ГРУЕВ"

### Формирање на одредот и акцијата во с.Смилево

1. На 15 јуни 1942 година илегалците кои беа засолнети во италијанскиот дел на Преспа: Наум Василевски, Крсте Соколовски, Мите Тренчевски, Илија Спировски, Горе Велковски и Илија Иговски од селото Подмочани (месноста Белоцрквенска Горица) се префрлија над селото Сопотско во коријата. Групата ја префрлија: Мите Трповски, Живко Стефановски и Коста Кусаковски. Групата на ова место остана до крајот на јуни, каде што на групата им се придружија Јосиф Јосифовски-Ѓорче и Славе Илиевски-Стево од село Кривени, кој дезертирал од бугарската војска. На ова место партизанската група одржуваше врска со партиските активности од ќелијата во селото Сопотско, преку нив добиваше потребни информации и се снабдуваше со храна. Во почетокот на јули групата се префрли на планина Бигла-месноста Синедолско кладенче.

2. По преспанската партизанска група - кон почетокот на јули на планината Бигла - кај Синодолско Кладенче - дојде првата битолска партизанска група во состав: Стивен Наумовски-Стив, Тодор Ангеловски-Строгов Трајан Белев-Гоце, Пецо Божиновски-Кочо, Гавро Пановски-Јуноша и Петар Лутовски-Малчик. Групата од селото Лера до Гопешка Река ја водеше Киро Метлиевски од селото Смилево понатаму водич беше Вангел Пупалевски од селото Златари. Во зорите

пред формирањето на одредот од Битола пристигна втората група партизани во состав: Вангел Нечевски-Тунело, Ристо Тодоровски-Вет, Ламбе Бошевски-Јане, Трајко Бошковски-Тарцан, Киро Крстевски-Платник и Мишо ЕфтимовеПетре. Групата ја водеше Мите Гајтановски од селото Златари.

3. На 6 јули 1942 година на свечен начин беше формиран партизанскиот одред "Даме Груев" на планината Бигла месноста Синодолско Кладенче во состав од 14 партизани и тоа: Ѓоре Вељковски-Коста -командант, Наум Веслиjевски-Овчар-зам.командант, Јосиф Јосифовски-Ѓорче-пол.комесар, Илија Спировски-Панде-зам.пол.комесар, Пецо Божиновски-Кочо-комесар за снабдување, Крсте Соколовски-Јордан, Мите Трајчевски-Старејко, Славе Илиjевски-Стево, Илија Аговски-Цветан, Ламбе Бошевски-Јане, Петар Лутовски-Малчик, Гавро Пановски -Јуноша, Ристо Тодоровски-Вет и Вангел Нечевски-Тунело. На овој свечен чин беа присутни другарите: Стеван Наумов-Стив (член на Главниот штаб), Трајко Бошковски-Тарцан и Киро Крстевски-Платник (членови на Оперативниот штаб), Тодор Ангеловски-Строгов, Трајан Белев-Гоце и Мишо Евтимов-Петре (членови на окружен штаб).

4. На 14 јули 1942 година Одредот логоруваше на истото место. Времето се користеше за воена обука и за морално-политичка подготовка за престојните активности на одредот. Преку партиската организација во селото Златари, Одредот беше редовно информиран за активност на непријателот во тој реон, како и редовно снабдуван со храна и други потреби. Оттука одредот се префрли во Гопешка Корија, каде што остана до 1-август и вршеше непосредни подготовки за својата прва акција во селото Смилево.

Одредот беше поделен на оделенија кои се пополнуваа со новодојдени партизани. Исто така, беше формирана и партиска организација. На 28 јули во одредот дојдоа тројца нови партизани и тоа: Виктор Мешулан-Бустрик, Илија Јовановски-Томе и Пепо Песо-Цане.

При крајот на јули 1942 година на Бигла се одржа советување помеѓу членови на ОК Ресен (Димитар Теговски) и Штабот на одредот "Даме Груев" за престојната акција во Смилево. На 1 август воениот комитет на Ресен на состанокот кај месноста Глаиште утврди конкретни задачи и активности во врска со престојниот напад на одредот.

5. На 2 август 1942 година; Одредот "Даме Груев" од кога постави стражи на главните пунктови во утринските часови влезе во Смилево и заедно со месните жители го прослави македонскиот празник Илинден. Акцијата почна со доведување на кметот и на општинската архива на сред село каде архивата беше запалена. Потоа пред собраните жители се одржа митинг на кој зборуваа другарите: Ѓорче, Коста, Малчик и Кочо. Политичкиот комесар зборуваше за целите и за задачите на НОД и за партизанската борба во Македонија под знамето Илинден. По одржаниот говор од торбата извади грст летци - по повод 30-годишнината на Илинден и ги подели на собраните жители. Командантот зборуваше за воено-политичката ситуација и за состојбата на фронтовите во Европа и во Југославија, како и за потребата мажите да не одат на работа во Германија, бидејќи со тоа ги ослободуваат германците да се борат на фронтовите. Малчиќ ги поздрави жителите и ги повика младите да не одат да служат во туѓи армии, туку да им се приклучат на народните борци - партизани.

Акцијата во Смилево беше успешна во секој поглед, таа беше посебно важна за партизаните на кои оваа им беше прва акција. Мештаните прво беа наполно збунети - вчудоневидени и најладне се поослободија и некои од нив се вклучуваа во веселбата со партизаните. Со оваа акција беше спречена намерата на бугарската окупаторска власт на ова историско место да го прослави Илинден како бугарски празник. Коментарите на жителите по акцијата, беа многу позитивни и ја надминуваа вистинската сила и можноста на

[illegible] Инспирирани од оваа акција - организаторот на НОД во Преспа и Поет Мите Богоевски напиша две песни, "Спроти Илинден" со која го повикува народот да го симне јаремот на окупаторот и друга "Триесет и девет минаа" која дирекно е посветена на акцијата во Смилево, 2-август 1942 година.

6. По оваа акција одредот се префрли во Болнската планина во близина на селото Болно-Преспа. Од 4 до 14 август се одмараше и вршеше подготовки за нова акција, за ова време партиската организација од Болно го информираше одредот за движењето на бугарската полиција и војска и го снабдуваше со храна и со други потреби. Со посебна директива на 10 август командантот Коста, од тука беше упатен за Битола, каде што се вклучи во подготовките за формирање на втора чета од одредот "Даме Груев". За командат беше поставен неговиот заменик Овчарот, а за негов заменик Јордан. На ова место на 6 август дојде нов партизан Вогрич Леон-Словенец кој дезертирал од италијанската војска. Набргу потоа Вогрич се разболе и не беше во состојба да го прати одредот на своите акции. На 15 септември 1942 година беше фатен од бугарската полиција во атарот на селото Јанкоец и затворен во селото Кажани, потоа префрлен во Битолскиот затвор, од каде му се губи трагата.

Штабот на одредот изврши анализа на својата прва успешна акција и направи план за следната. Првата ориентација беше таа акција да се изврши во Преспа. Во меѓувреме одредот доби известување дека прилепските и крушевските партизани се наоѓаат во мошне тешка положба - на нив тргнала голема потера и дека се заканувала опасност да бидат уништени. Од ова штабот заклучи, дека одредот треба да оди на спектакуларна акција која ќе го сврти вниманието врз себе. Изборот падна на селото Кажани, кое имаше општинска управа и полициски учесток.

Подготовка и напад на селото Кажани

7. Ноќта 15 спроти 16 август, одредот во врнежливо време со напорен марш од Болнската корија се упати - преку Избиште и Јанкоец - кон селото Сопотско, каде што се задржа во месноста "Толчи колена", тука си ја исушија облеката и се одморија. На ова место во одредот дојде другарот Стив и со него дојдоа двајца нови партизани од Битола: Стерио Ѓоргиевски-Жорж и Мордехај Тодолано-Спиро. Оттука одредот се префрли на битолската страна на Бигла и се смести во коријата над селото Доленци. Од 16 до 18 август одредот заедно со реонскиот партиски комитет вршеа воени и морално-политички подготовки за оваа сложена и амбициозна акција.

За нападот на Кажани е направен заеднички (одредот и реонскиот комитет) детален план со скица на објектите предвидени за напад. Во одредот и на теренот се вршеше интензивна разработка на планот и подготовка за негова реализација. За напад беа формирани три ударни борбени групи. Првата беше најјака - ја водеше Стив, со задача да ја нападне општината и да го фати кметот. Втората борбена група ја водеше Овчарот, со задача во униформа на бугарски војници да влезат во селото - како војници дојдени на отсуство и да одат право во полицискиот участок вооружени со пиштоли (да го разоружаат стражарот и да влезат во участокот. Третата група беше најмала со задача да влезе во селото зад втората група и да дојде до магацините со храна и војна опрема.

За напад на спомнатите објекти беа ангажирани сите борци од одредот. За надворешно обезбедување на акцијата и за кинење на телефонските жици беа ангажирани борбени групи и патроли пополнети со партиски активисти од околните села. (Братимдол, Ротино, Ѓавато, Доленци и Лера). Во овие борбени групи беа опфатени два пати повеќе луѓе од бројниот состав на одредот.

8. Нападот на Кажани е извршен ноќта меѓу 18 и 19 август 1942 година точно на полноќ. Исходот на оваа сложена акција зависеше пред се од факторот изненадување. Меѓутоа, изненадувањето изостана поради предвремено кинење на телефонските жици во двата правци - кон Битола и Ресен и откривање на првата група од војничкиот стражар за кого не се знаеше. Имено, тој ден во Кажани дојде една група бугарски војници кои сечеа дрвја во блиската шума и се смести во шатори, кон приодот на селото. Така дојде до предвремено откривање на нападот.

Покрај неискуството и ова беше една од причините што ниедна од борбените групи не успеа да го изненади противникот. Борбата траеше до 3-часот изутрината, а во 5-часот на зборното место "Рамниште"-дабова шума над селото Лера - се собраа сите. Одредот немаше загуби - никој не беше ни ранет.

Акцијата на Кажани, иако војнички не беше успешна, сепак основната цел беше исполнета. Одредот "Даме Груев" навлече на себе голема патрола од полиција и војска, која пред акцијата се наоѓаше во Прилепско и Крушевско. Неколкучасовната борба водена со бугарската војска и полиција, само по неколку дена од акцијата во Смилево, остави силен впечаток кај народот од Кажани и околните села за силата и можностите на партизанското движење. Оваа акција ќе остане запамтена по неколку работи: прво тоа беше прва акција солидно и стручно подготвувана. Второ тоа беше комбинирана акција на одредот и партиската организација од тој реон, трето сложеноста на поставените задачи и потребата за синхронизација на различни дејства го предизвика темпераментниот Стив да се појави не само како организатор на акцијата, туку и да биде на чело на првата борбена група.

Предавство и доведување на одредот на заседа

9. По акцијата на Смилево бугарската полиција, бесна поради својата немоќ, презеде дополнителни мерки за да ја откире организацијата на која се потпираа партизаните и каналите преку кои се пополнуваат и снабдуваат. Со посебна наредба на полицијата, беше ограничено движењето помеѓу селата и помеѓу селата и градот. Посебно опремени воени единици (ловечки чети) постојано крстосуваа по селата во подножјето на планините Пелистер и Бигла. Сите овие и други репресивни мерки не дадоа сакани разултати. По редица неуспеси решиле да ги обноват поранешните обиди за уфрлување провокатор во партизанските единици. Во Битола успеа да го заврбуваат Ташковски Томо-Музуло, пасивизиран партиски активист и да го наговорат преку поранешната врска да се пријави како доброволец за партизани.

Така Музуло доби задача од бугарската полиција да го открие каналот и луѓето кои работат во него помеѓу партиската организација во градот и партизанскиот одред. Провокаторот со нова група партизани стигна на Бигла спроти акцијата во Кажани и не учествуваа во нападот. Тој истата ноќ ја искористи мешаницата и се врати во Битола. Поради небудноста на другарите кои работеа во каналот, партизанската група - во која беше и провокаторот - од врската беше пречекана пред селото Братимдол и наместо да ја префрлат натаму врската групата ја доведе во селото каде што ги пречекаа други партиски активисти и дури потоа заминаа натаму. Врската од селото Лера таа ноќ постапи на сличен начин. Овие грешки му овозможија на провокаторот не само да го открие каналот, туку му се даде можност да види неколку партиски активисти. Се што виде и слушна на овој пат веднаш го раскажа на полицијата, која истиот ден, (20 август) стапи во дејство. Така,

започна големата провала во III-реон, меѓу првите апсени беа активистите од селата Братимдол и Лера, како и членот на реонскиот комитет од с.Лера Серафин Богданов-Цане, кој веднаш беше пуштен.

10. Одредот дента на 22 август преку патрола се поврза со Цане од селото Лера, кој ја прифати задачата да донесе храна на определено место вечерта и од таму да го води одредот кон селото Лопатица, каде што беше планирана нова акција. Командантот на одредот не знаеше оти тој ден претпладне Цане беше уапсен и пуштен од кога прифати да работи за бугарската полиција. Истиот ден му се укажа шанса како полициски агент да изврши големо предавство и го доведе одредот "Даме Груев" на организирана заседа. Ноќта на 22-23 август, одредот се доближи до закажаното место кај реката Шемница. На даден договорен знак, врската (Цане) не се јави. По малку чекање дел од патролата се врати и го извести командантот оти врската ја нема. Тоа се случувало и другпат, поради блокада и други тешкотии, врската да не дојде. Затоа, нареди одредот да се симне кон реката, да ја мине и без водич да го продолжи патот. За тоа време на другата страна од реката Шемница беше притаена мошне јака бугарска заседа, која ја пропушти патролата зашто главна цел беше одредот. Кога одредот почна да ја минува реката, прво се слушна еден истрел, а потоа на одредот се урна жесток оган, шумата ечеше и речната долина вриеше како во пекол.

Интересно е речиси неверојатно е дека одредот од овој пекол се извлече без жртви, само еден партизан беше лесно ранет (Кочо). Како можело да се случи тоа делумно објаснение може да биде: одредот тргна кон реката претпазливо под сомнение дека нешто не е во ред, кога на нив се урна жестокиот оган,

тие веќе беа легнати по првиот истрел и веднаш заштитени од големи камења со кои обилува секоја планинска река. Кога огнот стивна, а бугарите помислиле дека успешно ја завршиле работата, партизаните во неколку групи незабележливо се повлекоа од ова опасно место. Во првата група беа: Панде, Стево, Старејко, Томе и Јуноша кои преку месноста Глаиште под селото Златари, се префрлија во Болнска планина. Втората група: Стив, Овчарот, Јордан, Бустрик, Малчик, Вет и Стерјо заминаа на договореното место кај месноста Малинкине под селото Златари-Ресенско. Третата група: Ѓорче и Цветан заминаа за селото Подмочани. Другите: Кочо, Тунело, Спиро и Бошковски Ламбе секој посебно заминуваа за Битола, каде што се поврзаа со партиската организација. Ламбе во Битола паѓа во затвор. Спиро неколку недели се крие во Битола (во многу тешки услови) повторно оди во партизани каде добива нервен слом и трагично загинува. Пепо Песо-Цане, истиот ден пред одредот да биде пречекан на заседа од непозната причина го напушти стражарското место и дезертира, истиот ден беше фатен од полицијата во близина на с.Облаково. Беше во битолскиот затвор од каде што му се губи секој траг. По неколку дена втората група кај месноста Шумоница се спои со првата група. На 2 септември стигна и третата група со нови партизани: Глобочки Ристо, Кусаковски Коста, Ивков Крсте, Наумовски Јордан од село Подмочане и Димитровски Круме од село Грнчари (Преспа) во партизани дошле вооружени со пушки и бомби). Истиот ден Ивков Крсте дезертира од одредот и преку Ресен оди за Битола.

<u>Одмазда на бугарскиот окупатор</u>
<u>и загинувањето на Стив и Мите</u>

11. По акцијата на Кажани и по извлекувањето на Одредот од заседата бугарската полиција и војска презеде широка акција за да го уништи одредот, да се разбие партиската организација и сите потенцијални сили на НОД. Бугарскиот окупатор не-

задоволен и бесен на својот неуспех презеде драстични мерки на одмазда со масовно апсење и претепување на припадниците на НОД и на нивните симпатизери. Во Ресенско беа уапсени над 60 луѓе. Од село Златари 12, Јанковец 4, Ресен 18, Сопотско 16, Кривени 4, Болно 10 и др. Еден дел од нив беа префрлени во Битолскиот затвор, каде што беа измачувани и осудени на долги години робија. Во Битолско беше уште подрастично: од селото Братимдол се уапсени 10, сите осудени на повеќегодишна робија, од селото Ротино се уапсени 6, од нив 5 интернирани во Бугарија, од селото Доленци, се уапсени 6, сите осудени од 5-10 години робија, од селото Ѓавато се уапсени 12, од нив 4 се осудени на 15 години робија, 4 доживотно и 2 на смрт со бесење (едниот е учителот кој го направи планот за напад на Кажани, а другиот беше Мурџевски Јонче, од селото Стрежево се уапсени 9, осудени 6, од селото Кажани е уапсен еден и осуден на 15 години робија од селото Лера се уапсени 4 итн. Со ова во овој реон партиската организација беше наполно разбиена.

12. Над селото Болно одредот "Даме Груев" престојуваше до 11.09. Во текот на денот преку партиската организација одредот беше известен дека партизанскиот логор е откриен од полицијата. Вечерта одредот го напушта логорот и преку селото Избиште се префрли кај Кривенската корија во месноста Курјак. На 12 септември околината на селото Болно наполно беше блокирана. Бугарската полиција по ѕверското мачење и терор над населението од селото Болно успеа да го открие местото каде што беа засолнети Стив и Мите. На посоченото место бугарите концентрираа јаки сили од полиција и војска. Во нерамна борба, тука загинаа двата народни херои. Во Битолско-Преспанскиот крај и пошироко, оваа тажна вест болно и тешко ја примија а посебно партизаните од одредот "Даме Груев" и четата "Сандански".

Со убиството на Стив и Мите, НОБ од Битолско и од Преспа претрпе ненадоместлива загуба. Тие својата младост и интелектуална надареност и револуционерен ентузијазам целосно го посветија на НОБ за ослободување на Македонија од вековното ропство. Стив и Мите со своите светли ликови, со својата храброст и умешност во раководењето со НОД делуваа инспиративно и преставуваа душа на партиската организација и партизанскиот одред, секој од нив со својот талент и на свој начин. Оваа голема загуба и празнина што тие ја оставија долго време се чуствуваше во одредот "Даме Груев" и четата "Сандански". Ова влијаеше и врз состојбите што партизаните ги доживуваа есента 1942 година.

13. Од 12 до 15 септември, одредот остана кај месноста Курјак, потоа замина за Грнчки рид и се смести на северната страна под нивјето Божиној помеѓу селата Кривени и Злaтари. На ова место одредот е задржан до 20 октомври 1942 година и за цело ова време, врска се одржуваше преку пријатели и роднини и симпатизери на НОД.Преку нив се снабдуваше и со храна која беше нередовна и многу оскудна. Тоа беа многу тешки денови на одредот. Повеќе од 40-дена селата од источната и западната страна на планината Бигла, беаs наполно блокирани од бугарската војска и полиција. Поголеми количини храна не можеа да се изнесат од селата, храна можеше да се обезбеди само преку овчари, во многу мали количини, дополнително снабдување со компир се вршеше од блиските ниви.

На 26 септември (сабота) е испратена патрола (Соколоски Крсто и Лутоски Пецо) да се поврзат со Ристо Јосифовски-анџијата на Балечки ан. И преку него се обидоа да воспостават врска со МК КПЈ на Битола. Патролата се поврза со Ристо и му предаде писмо од Штабот на одредот за членот на Месниот комитет Гога-Георгиевски. Следната вечер патролата пак се сретна со Ристо кој донесе

писмо од МК - 20 илјади лева и едно рало чевли. Потоа патролата се врати на Бигла во логорот. Од писмото одредот разбра за собирање на поголема група партизани на Пелистер и тешката состојба на Крушевскиот партизански одред. Во писмото беше закажана нова средба по една недела, во точно определено време и на закажано место отиде друга патрола во состав: Панде, Старејко и Малчик. Меѓутоа, врската од МК на Битола не дошла - не дојде ни утредента. Така се прекина оваа краткотрајна врска на одредот Даме Груев со МК на Битола.

14. Во почетокот на октомври е испратена патрола (Веслиевски Наум, Гавро Пановски, Соколовски Крсто и Трјчевски Мите), да го извиди околниот терен, кога дошле кај местото Присој северно од Златари, со двоглед видоа од правецот на Златари две колони бугарски војници кои одеа една во правец на месноста Беличец, а другата кон месноста Горни Синедол. Потоа патролата се врати и одредот се распореди за кружна одбрана ако биде откриен. Борците останаа на позицијата до 16 часот, но војската не успеа да ги открие. На 10 октомври повторно беше испратена патролата за селото Слепче (Спировски Илија, Трајчевски Мите и Лутоски Пецо) за да воспостави врска со МК на Битола и овој обид остана без конкретни резултати. На 16 октомври политичкиот комесар Ѓорче, поради болест е испратен во село Курбиново-Преспа, во придружба на Соколовски Крсто и Кусокоски Коста. По два дена другарите од придружбата се вратија во одредот. На 20 октомври одредот го напушти логорот кај Грнчи рид и следниот ден стигна над селото Сопотско.

Акција во Сопотско и поделување на одредот во три групи

15. На 22 октомври одредот Даме Груев, влезе во селото Сопотско, каде што одржа митинг и се снабди со храна. Не беше доволно внимателен и така дозволи да биде изненаден од бугарската војска која будно го контролираше теренот на Горна Преспа. Во бор-

бата која почна, загина борецот Георгиевски Стерјо од Битола. При повлекувањето од селото, одредот се подели во три групи: Првата: Иговски Илија-Цветан, Кусокоски Коста, Мешулан Виктор-Бустрик и Илиевски Славе, заминаа за Подмочани-Преспа, каде што се најдоа со комесарот Ѓорче; втората група се префрли во месноста Курјак-Кривени (спировски Илија, Димитровски Круме, Лутовски Пецо и Јовановски Илија), каде што останаа до 27 октомври, а потоа се префрлија во селата: Подмочани-Грнчари, третата група се префрли на Бигла, кај месноста Слива (Василевски Наум, Соколовски Крсто, Трајчевски Мите, Наумовски Јордан-Колча, Пановски Гавро, Тодоровски Ристо и Глобочки Ристо). Во текот на ноември, Пановски Гавро и Тодоровски Ристо, заминаа за Битола и се вклучија во четата Сандански. А Колчо, Илиевски Славе и Глобочки Ристо заминаа за селото Подмочани и се состанаа со првата и втората група. На просторот Подмочани-Грнчари и Курбиново се собрале 11 партизани. Беа направени планови за борбено дејствување на оваа група партизани, но до тоа не дојде поради следните причини: во организираниот атентат на Трајко од Подмочани, на 20 ноември несреќно загина партизанот Кусакоски. Глобочки дезертира и се предал на погранични војни власти (бугарски). Стево се засолни во село Кривени, Томе и Милчик се засолнија во село Слепче. Третата партизанска група, која остана над село Злaтари (од 26-октомври до 26 декември 1942) во овие два месеца разви широка политичка активност, меѓу симпатизерите на НОД во селото Златари кои по офанзивата на бугарската војска и по жестокиот терор на полицијата беа сериозно заплашени. Одредот Даме Груев, во ноември и во првата половина на декември 1942 година, ги преживуваше, своите најтешки денови, грчевито се бореше за гол опстанок.

<u>Поврзување со албанската партија и префрлување на одредот во македонските села под Албанија</u>

16. Во првата половина на декември, политичкиот комесар Ѓорче со Панде, Цветан, Бустрик и Калчо (ова беше останато од 11 колку беа) од село Подмочани се префрлија за село Покрвеник. Овде

беа прифатени од Мите Трпевски и сместени во Пештерата над селото. Во втората половина на ноември, одредот преку партиска врска се поврза со албанската партија во Корча. Врската е воспоставена преку партизанот Мичо, припадник на одредот Даме Груев, кој во очајничко барање излезот од тешката положба, привремено беше сместен кај роднините во село Коњско. Оттука Мичо, преку Јордан Тасевски (партиска врска) се поврза со албанската парт. организација во село Глобочани (Албански дел на Преспа) и со нивна помош, замина за Корча. Албанските другари, од околискиот партиски комитет иако под ненормални околности, Мичо сепак го прифатија и побараа од него да напише писмо до политичкиот комесар Ѓорче, веднаш да дојде во Корча на договор.

17. На 17. декември 1942 год. во пештерата над Подкрвеник, Ѓорче го прими писмото од Мичо и по консултација со Мите Трпевски веднаш се подготви и слезе на патот да фати прво превозно средство за Корча. Го фати автобусот кој сообраќаше од Царев Двор за Корча, поради јавката мораше да слези близу селото Глобочани, каде што преку Панде-Комито, се поврза со Томе-претседателот на селото-од кого доби: јавка, нова лична карта и придружба Илија-учителот. На 18 декември Ѓорче дојде во Корча со камион и веднаш се јавува на врската кај Илија Будински-фурнаџија (секретар на Градскиот комитет).

Состанокот со другарите од околискиот комитет на Корча се одржа на 19 декември и на него е направен договор за престој на одредот Даме Груев во албанскиот дел на Преспа.(македонски села). Македонските партизани добија полна слобода во своето дејствување на овој простор. На одредот му беше ветена секоја помош и подршка во дејствувањето. Веднаш потоа Ѓорче, со посебен курир упати писмо до Пандета (зам.полит.комесар) во кое го известува за постигнатиот договор и побара веднаш да се извести Овчарот и сите заедно што побргу да се префрлат на албанскиот дел на Преспа (македонски села).

18. На 23 декември 1942 година, заменикот на полит.комесар Панде, испрати писмо до командантот Овчар на Бигла, со кое го извести за постигнатиот договор и бара неговата група да се префрли за Покрвеник. На 26 декември партизанската група од Бигла (Овчарот, Јордан, Старејко и Стево) по лошо време и голем снег, тргна преку селата: Јанкоец, Болно, Евла и изутринта на 27 декември стигна во селото Покрвеник. Тука ги пречека членот на Реонскиот комитет Трпевски Мите и ги сместија во неговата плевна. Вечерта се поврзаа со партизанската група сместени во пештерата и сите заедно, предводени од Митрета, заминаа за селото Коњско. Овде стигнаа на полноќ и се сместија во напуштената гранична караула над селото. На патот за с.Коњско групата партизани влезе во с.Отешево имаше средба со партиските активисти и се снабди со храна.

Тука одредот остана до крајот на 1942 год. За тоа време разви широка политичка и партиска активност. Во селото Коњско е формиран народноослободителен одбор прв во Македонија во состав: претседател Иван Тасевски, секретар, Јордан Тасевски и членови Живко Ѓоргиевски и Тодор Петровски.

19. Ноќта на 31 декември, одредот со чунки од Коњско се префрли во македонското село (под Албанија) Глобочани и тука ја пречека новата 1943 година. На 2 јануари, одредот предводен од Мичо и Абдула (синот на оџата од селото Прогон), преку селото Пустец, замина за селото Прогон, каде што на одредот му се приклучи и комесарот Ѓорче кој допатувал од Корча. Одредот тогаш имаше 10 партизани и тоа: Овчарот, Ѓорче, Панде, Јордан, Старејко, Стево, Мичо, Калчо, Бустрик и Цветан. Во селото Прогон одредот остана неколку дена и беше сместен во куќата на Лефтер, командир на илегална борбена единица во селото.

Од 7 јануари 1943 год. до средината на февруари, одредот вршеше акции низ македонските села во албанскиот дел на Преспа:

Леска, Церје, Зрновско, Пустец, Шулин, Глобочани и др. На овој простор одредот разви широка политичка и пропагандна активност, држани се митинзи и е вршена популаризација на НОД и на партизанската борба против окупаторот и домашните предавници. Во селото Пустец, голема количина на пченка, собрана од беговите, беше поделена на селаните. Како резултат на таквата интензивна активност четири нови партизани од овие села му се приклучија на одредот.

## II

## ФОРМИРАЊЕТО И БОРБЕНИОТ ПАТ НА ПАРТИЗАНСКАТА ЧЕТА "ЈАНЕ САНДАНСКИ"

### Формирање и подготовка на четата за акции

1. По акцијата во селото Кажани и срекното извлекување од бугарската заседа, одредот "Даме Груев" ја загуби врската со битолската партиска организација. Бугарската војска и полиција презеде жестока офанзива, проследена со масовен терор и апсења, особено во третиот партиски реон (Битолско) и горна Преспа. Ова станува во време кога битолската партиска организација ги вршеше последните подготовки за реализација на поранешната ориентација за бројно и оперативно јакнење на одредот "Даме Груев" за формирање на втората чета. Во конкретната ситуација, таква идеја не беше можно да се оствари. Истовремено проблемот на голем број илегалци бараше итно решение. Така и дојде до одлуката привремено да се формира посебна партизанска единица на Пелистер.

2. Во првите денови на септември 1942 год. над селото Лавци-Битолско во коријата се собраа поголема група илегалци префрлени од Битола, меѓу кои беа и другарите: Ѓоре Велковски, Коста, Пецо Божиновски-Кочо и Вангел Нечевски-Тунело кои беа во одредот "Даме Груев". Со оваа група, на ова место беше префрлено

потребното оружје и друга опрема. По неколку дена, од градот тргнаа уште две групи: во првата беа Вера Ацева, Ванчо Прке и Лазо Хаџипоповски, а во втората Бено Русо, Арон Аруести и Нисим Алба. Истиот ден од селото Нижеполе тргна и третата партизанска група во која беа: Димче Милевски-Добри, Вандо Лазаревски, Кочо Чолаковски-Станко и Панде Јовановски. Сите овие групи според предходен договор, тргнале кон селото Лавци, на периоди од еден до два дена. Пред селото ги чекаше врска која ги спроведуваше во импровизираниот логор.

Партискаta организација од Лавци и Тодор Ангеловски-Строгов во овие непосредни подготовки за формирање нова партизанска единица има истакната улога. Ситуацијата беше мошне тешка-полицијата и војската беснееше во градот и околните села. Во услови кога беше забрането движењето меѓу градот и селата, како и меѓу селата - без посебна дозвола - беше многу тешко, ризично и дрско да се префрлат неколку групи илегалци, кои од разни страни доаѓаа кон Лавци. Лавчани, со помош од градот, оваа сложена и одговорна задача ја извршија навреме и безбедно. По формирање на четата "Сандански" се грижеа за нејзино снабдување, се дури четата беше до атарот на селото Лавци.

3. На 8 септември 1942 година, во коријата над селото Лавци, во присуство на Вера Ацева, делегат од ПК и Лазо Хаџипоповски, член на ОК - формирана е партизанската чета "Јане Сандански", која имаше 18 борци и тоа: Тодор Ангеловски-Строгов, командир, Ѓоре Велковски-Коста зам.командир, Ванчо Прке Сермен-пол.комесар, Бено Русо-Коки, зам.пол.комесар, Пецо Божиновски-Кочо, комесар за снабдување, Никола Стефановски-Црнио, Анести Пановски, Трајче Груевски - Павле, Димче Милевски - Добри, Кочо Чолаковски- Станко, Вендо Лазаревски, Насим Алба-Мики, Арон Аоести, Петар Пупле-Пепи, Сотир Брбевски-Ило, Крсте Самарковски, Тунело и Панде Јовановски од Нижеполе. Сите беа вооружени со пушки, секој имаше една

една до две рачни бомби, десетина пиштоли и еден пушкомитралез, француска марка Шоша. По неколку дена во четата дојде нов партизан, Мордехај Нахмијас-Лазо од Битола.

Партизанскиот логор се наоѓаше во густа лескова шума над Лавци-местото беше толку блиску до градот што партизаните наутро ја слушаа војничката труба од Битолската касарна. Снабдувањето со храна и други потреби се вршеше преку партиската организација во Лавци. Неколку пати се случи четата да остане ден и повеќе без храна-поради засилена активност и блокади на бугарската полиција и војска на тој терен. Околу логорот често доаѓаа селани да сечат дрва. Дури работеа тие, партизаните не смееја да се движат, ниту гласно да зборуваат. На ова место и во такви услови, со голем ризик, четата остана повеќе од еден месец. Покрај сето ова, во овој импровизиран логор се одвиваше интензивен живот и сестрана активност - главно ноќе од воена обука, патролна и стражарска служба, преку интензивна идејно-политичка активност, до читање поезија и прикажување на скечеви.

## Одвојување група партизани за одредот "Даме Груев" и нивно страдање

4. Во формирањето на четата "Сандански" учествуваше Трајан Белев-Гоце, член на обласниот штаб, кој ја одржуваше врската помеѓу одредот "Даме Груев" и битолската партиска организација. Кога ги информира другарите за состојбата на одредот "Даме Груев", тој побара од штотуку формираната чета "Сандански" една група да се издвои за зајакнување на одредот "Даме Груев". Предлогот беше прифатен и Гоце истиот ден навечер, со група од пет нови партизани, тргна за Преспа. Во групата беа: Нисим Алба -Мики, Арон Ароести, Вандо Лазаревски, Панде Јовановски од с.Нижополе и Гоканоски Илија од Битола.

Оваа партизанска група не стигна во одредот "Даме Груев". Кога групата стигна во близината на селото Лера, преку денот, се засолна во коријата да се одмори. Веднаш по доаѓањето Гоце се поврза со Цане, членот на реонскиот комитет (тогаш уште не се знаеше за неговото предавство) од кого побара да го информира за состојбата на теренот и да набави храна за партизанската група. Цане од кога му кажа дека на теренот се вршат апсења и дека, положбата е мошне тешка, вети оти ќе ја донесе потребната храна. Потоа отишол кај полицијата во Кажани од која добил задача да и однесе на партизанската група јадење, а со храната ќе им однесе и шише ракија што полицијата ќе ја подготви (отров). Поучени од искуството, не им беше доста што знаеја точно каде е групата, колку брои и дека се неискусни, сепак, им беше потребно барем да ги зашеметат пред да ги нападнат. Кога групата беше нападната, без голема борба, бргу совладана, Гоце и Мики беа на извидување на спротивната страна, па така се најдоа надвор од обрачот. Вандо, иако тешко ранет и зашеметен успеа да се извлече, Ароести беше убиен, а Панде и Гокано фатени. Истиот ден Вандо се најде со Гоце и Мики, кои му помогнаа да се префрли до с.Нижополе, од каде што преку врска се префрли во Преспа, под италијанска окупација. Ароести беше убиен, Ѓокановски по фаќањето веднаш беше стрелан, додека Ивановски однесен во Битола и му беше судено заедно со другите апсени партизани (Пепо Песо, Леон Вогрич, Ламбе Бошковски, Ристо Глобочки и Крсте Ивков. Пресуда донесена на 26 март 1943 год. со која сите се ослободени освен Песо и Вогрич, кои се после убиени.

## Формирање самостојна партизанска група над селото Канино

5. На 19 септември 1942 година дојде до голема провала во партиската организација во селата југоисточно од градот, Бистрица, Породин, Канино и Велушина. Оние кои го избегнаа апсењето, преминаа во илегалност и тоа беа први партизани од овие села: Петар Неш-

ковски-Пјер и Васил Бошевски од с.Канино. Потоа, паднаа во илегалност и им се приклучија Петре Новачевски од с.Породин, Блажо и Ристо Трпеновски од с.Велушина, Никола Тодоровски-Канински од Битола, Насе Гецовски од с.Породин и Алексо Мусалевски од с.Граешница. Оваа партизанска група сама се вооружа и се засолни во Канинската корија и оттука Пјер (кој како член на реонскиот одржуваше врска со МК) тргна за Битола за да се поврзе преку МК со партизанската единица, формирана над Лавци. Ситуацијата во градот беше мошне тешка и не успеа да воспостави врска. Оваа партизанска група на теренот Канино-Велушина-Граешница, дејствуваше како самостојна борбена група до почетокот на декември, кога на овој терен се префрли четата "Сандански" на патот за Леринско и тогаш влезе во нејзиниот состав.

Оваа партизанска група беше составена од возрасни фамилијарни домаќини. Сите беа членови на КПЈ. Канински беше организатор на НОП во овој крај и неоспорен авторитет кај селаните и во партиската организација. Преку него и другите партизани кои зимата ја минаа во Леринско, партиската организација на Битола се поврза со партијата во Лерин и со тоа е поставена основа за создавање партизанска база во Леринско.

## Несреќно загинување на Станко и криза во четата

6. Кон средината на октомври 1942 година, патролата која одржуваше врска со Лавци, го извести штабот дека од градот доаѓа бугарска војска. Немаше време за чекање, четата бргу се подготви и тргна што подлабоко во коријата. Во текот на ноќта, четата стигна во густата шума над селото Ореово. Кога борците се подготвуваа за почивка се случи несреќен случај, при што загина Станко од Нижеполе. Тоа ја растажи и ја вознемири целата чета. Утредента четата го напушти ова место и се упати кон селото Нижополе. Во

шумата, југоисточно од селото останаа неколку дена, а храна набавуваше од селото и вадеше компири од блиските ниви.

На 4 ноември, четата повторно се врати во коријата над селото Ореово без одредена цел. Откако ненадејно го напушти новиот логор, четата ги загуби врските со партиската организација на градот. Бугарската војска и полиција беснееше по околните села, вршеше масовни апсења и интернираше симпатизери од НОД. Сето ова, како и неактивноста на четата доведе до појава на неизвесност и губење перспектива. Во таква атмосфера, се одржа состанок со цела чета, а по долга расправа, се донесе решение четата привремено да се подели во две групи: Првата во состав: Трајче Груевски, Анести Паноски, Коле Стефановски, Нисим Алба и Петар Пупле, да се префрлат во Леринско-Грција, со основна задача заедно до партизанската група Канински, се поврзат со Леринската партиска организација и да ја испитаат можноста за префрлување на четата на тој терен. Втората во состав: Тодор Ангеловски, Ванчо Прке, Горе Велковски, Бено Русо, Димче Милески, Пецо Божиноски, Вангел Нечески, Сотир Брбевски, Крсте Самарновски и Мордо Нахмијас, на чело со штабот, да остане во Битолско, да дејствува порешително и да се поврзе со комитетот во градот, како и со одредот "Даме Груев".

7. По заминувањето на групата за Грција, јадрото на четата се смести во коријата меѓу селата Ореово и Олевени, каде остана 6-17 ноември. Од ова место на 10 ноември тргнаа две патроли на извршување конкретни задачи: едната на чело со Сермен, отиде за Битола, преку лични врски да се поврзе со комитетот и го информира за состојбата во четата, координација на активноста во селата југоисточно од градот на чиј терен четата дејствуваше, како и ангажирање на комитетот во воспоставувањето врска со преспанската партиска организација и одредот "Даме Груев". По успешно извршената работа, патролата се врати во базата. Втората

патрола (Коста, Добри и Тунело) имаше задача да ја изврши смртната пресуда на шумарот Тодор Кобачовски кој беше омразнет кај народот, како бугарски агент, зашто ги поткажуваше симпатизерите од НОД на полицијата. Патролата на 10 ноември, рано сабајле, постави заседа на патот од Лавци за коријата, пресудата ја извршија истиот ден и во писмена форма беше оставена на трупот на шумарот.

8. На 13 ноември 1942 година, отидоа за Преспа другарите: Строгов, Сермен и Гоце, со цел да се поврзат со одредот "Даме Груев" и да ја испитаат можноста за заедничко дејство на преспански терен, посебно на оној кој беше под италијанска окупација. Така постепено се разбиваше зачмаеноста и неизвесноста со која беше сериозно зафатена четата "Сандански".

По неколку дена, патролата се врати од Преспа. Од извештајот се виде дека и одредот "Даме Груев", преживува слична криза. Беше веќе средина на ноември, времето се повеќе се влошуваше и зимата беше на прагот. Затоа, штабот реши Сермен и Коки да појдат за Лерин, со задача да се поврзат со делот од четата и заедно со нив да обезбедат согласност од леринската партиска организација за повремен престој на четата Сандански во Леринско. Другарите се вратија не сосема задоволни од разговорите со грчките партиски функционери. Тие немаа ништо против повремен престој на македонски партизани, а беа против било какви војни акции и политичка активност меѓу македонското население. Во врска со политичката активност, леринската организација беше потолерантна, а солунската категорички против.

Напад на железничка станица Српци-Беранци

9. Некаде околу 15 ноември во четата дојде членот на оперативен штаб Киро Крстевски-Платник, кој ја донесе "Окружницата на ПК КПЈ за Македонија" од 25 септември 1942 год. Содржината

на окружницата помалку или повеќе (зависно од кој дел) се однесуваше за партизаните и партиските организации во Битолско и Ресенско. Праксата што се осудуваше во Окружницата на ПК есент 1942 год. доведе до пасивизирање и губење на перспективата. Основната грешка беше во тоа што партизанските единици беа премногу зависни од партиските комитети и во дејствата беа врзани за својот терен (околу своите села или градови). По сестрана и конкретна анализа, четата "Сандански", реши со повеќе доверба во себе и со појасна перспектива да ја продолжи борбата.

На овој состанок се донесе решение четата "Сандански" да ја изврши својата прва акција, да ја нападне железничката станица Српци-Беранци, на пругата Битола-Прилеп. Целта на акцијата беше: со ненадеен напад да се заземе железничката станица, да се фатат војниците (оделење) и да се уништи инсталацијата. Сето ова беше планирано да се изврши за еден и пол час, потоа четата со засилен марш безбедно да се врати на Пелистер од каде што ќе тргне во оваа акција. За четата, која во тоа време не беше во полн состав (имаше само 12 борци) меѓу кои беа Гавро Паковски-Јунаша и Ристо Тодоровски-Вет кои дошле од "Даме Груев", задачата беше амбициозна. Сериозноста и тежината на задачата требаше да ја тргне четата од зачмаеноста и со тоа на дело да го демантира бугарскиот окупатор кој тврдеше дека Битолските партизани се уништени.

10. Ноќта меѓу 17 и 18 ноември четата се префрли во близината на објектот за напад на 2-3 километри западно од железничката станица. Преку дента командата на четата со двоглед вршеше посматрање на објектите во станицата и на движењето на војниците, а при крајот на денот беше направен конкретен план за напад. Кога се стемни четата се префрли во непосредна близина на станицата, од каде што се подели во три борбени групи: првата тргна кон објектот до станицата каде што беше сместена воената единица, втората со пушкомитралезот зеде позиција од другата страна на пругата, спро-

ти влезот, а третата се упати кон влезот на станицата со намера да ги разоружа сите кои беа внатре. Кога третата група дојде на неколку метри до влезот, од станицата излезе еден војник и налета право на партизаните и почна да вика, па беше на место убиен. Бугарите од зградата веднаш отворија огин, така што групата беше принудена да се засолни. Првата група исто така, не успеа да ги изненади војниците. Групата со пушкомитралезот заседе добра позиција, но на првиот куршум пушкомитралезот заглави. Врската со Прилеп беше прекината, а со Битола не, така што по еден час борба помошта од Битола тргна кон нападната станица со неколку камиони. Командата на време виде што се случува и реши да ја прекине борбата и со усилен марш се врати во својата база на Баба Планина. Оваа акција, иако не се заврши како што беше планирано, таа беше многу значајна во морално-политички поглед. Бугарите пред тоа тврдеа и се фалеа како ги уништиле партизаните. Оваа дрска акција среде поле и важна железничка станица, внесе збрка кај Бугарите. За неа долго се зборуваше во градот и во полските села, со различни, за партизаните, многу поволни коментари. Ова беше посебно важно за четата, која се здоби со верба во своите сили и можности.

<u>Судир на партизанска патрола со полицијата во градот</u>

11. Од 20 до 30 ноември, четата престојуваше во коријата над селото Ореово. Основен заклучок од штоуку изведената акција беше дека нема опстанок без постојана активност, бројно и оперативно јакнење на четата. Затоа, и донесоа одлука целата чета да се префрли во Леринско и таму да дејствува, со или без согласност од грчката партија. Во врска со ова, политкомесарот Сермен, со придружба на двајца партизани, тргна за Битола за да го запознае партискиот комитет со планот на четата, како и да се договорат за отварање канал за префрлување илегалци и нови борци во Леринско.

По свршената работа, Ванчо Прке-Сермен со придружбата, при излегувањето од градот беа запрени од бугарски полицаец кој бараше да ги покажат личните документи. Бидејќи такви документи немаа полицаецот реши да ги води во участокот. Во тој момент, Сермен бргу го потегна пиштолот и тешко го рани полицаецот. Тури граѓаните збунети бегаа на сите страни, партизаните го искористија тоа, излегоа од градот и се упатија кон базата. Такви немили средби таа есен се случуваа, доста често, а ова веднаш по акцијата на железничката станица, посебно ја разбесни бугарската полиција, која заедно со војската превзеде широка акција, систематско прочешлување на коријата над селата Лавци, Орехово и Канино.

## Четата се префрлува во Леринско, потоа во Мариово

12. Во почетокот на декември четата "Сандански" замина за Леринско (мина над селото Канино, каде што на четата им се приклучи Канинската партизанска група) кај селото Драгош ја мина границата и се упати кон селото Опсиране кое служеше како база на групата партизани, засолнети во Грција. Четата на овој терен остана до 18 декември. Во тоа време се водеа интензивни и мошне тешки разговори со раководството на леринската партиска организација. Овие преговори уште беа во тек, кога штабот доби писмо од Главниот штаб на Македонија, со кое им се наложува на четата "Сандански" веднаш да се префрли преку Кајмакчалан во Мариово и таму да се поврзе со прилепскиот партизански одред. Замислата беше овие две партизански единици на мариовскиот терен да создадат база за зимување и подоцнежно дејствување.

На 19 декември четата тргна на пат за Мариово преку леринското поле и Кајмакчалан со 22 борци (Канински, Добри, Тунело, Коле, Миќи и Пепи, останаа во Леринско по работа). Маршрутата

преку Грчката територија беше многу долга, па затоа штабот реши да ја мине за два дена. Првиот ден стигна до селото Каленик среде Леринското поле, каде што четата предени. Потоа, штом се стемни по магловито време тргна по утврдената маршрута. Кога четата стигна близу до границата, времето толку се влоши што грчките водичи ја загубија ориентацијата. Партизаните се вртеа во круг, така што неколку пати ја минаа границата и пак се враќаа назад. Кога за миг се разреди маглата четата се најде пред гранична караула, вештите водичи бргу се снајдоа и ја насочија колоната кон Кајмакчалан. Граничарите беа изненадени, кога се прибраа и отворија оган, четата беше веќе далеку.

На 21 декември напладне, четата стигна во капелата на Кајмакчалан. По одмор од неколку часа, го продолжија маршот кон манастирот Чебрен, североисточно од селото Рапеш. Се одеше денски по карта (теренот беше непознат) неколку дена.

Четата дознава за разбивањето на прилепскиот одред и се враќа во Битолско

13. На 24 декември, четата без посебни тешкотии стигна во манастирот, од каде што вечерта упати патрола кон Прилеп да се поврзе со Прилепскиот одред. Манастирот Чебрен не беше на погодно место за одбрана, ни за повлекување во случај четата да биде ненадејно нападната, па затоа штабот ги презеде сите мерки на претпазливост. Во него живееше само еден калуѓер (руски емигрант) со голема коса и запуштена брада, како дивјак. Во почетокот беше многу исплашен, потоа навикна на партизаните и се трудеше да помогне колку што може. Не се бунеше што за неколку дена му се истроши сета храна што ја подготвил за цела зима.

По неколку дена, патролата се врати со тажна вест, дека прилепскиот одред на 19 декември бил откриен во манастирот Прилепец од бугарите и наполно разбиен. Четата немаше повеќе причини да остане на тој непознат терен.

14. На 27 декември вечерта, четата тргна кон селото Суводол и во неговата близина предени. Тој ден падна и првиот снег. Кон квечерината четата беше откриена од селаните кои се враќаа од пазар. Немаше друг избор, штом се стемни во колона по еден, со претходница, со усилен марш четата се упати кон селото Новаци - мостови на Црна Река - Битола. Четата од кога ја помина реката Црна се подели на две групи. Првата (Строгов, Сермен, Коста, Коки, Кочо, Лазо, Ило, Вет, Кумот, Самарковски Крсто и др.) го продолжи патот во правец на с.Лавци. Втората (Анести, Гавро, Трајче, Пјер, Петре, Насе, Блажо, Ристо, Алексо, Бошевски Васил и др.) се упатија во правец на с.Канино. Почна да се разденува кога првата група пристигна кај битолските бавчи. Исцрпени од умор, веднаш се засолнија во неколку колиби и тука притаени останаа цел ден. Дури борците се одмараа, по патот Битола-Новаци, фрчеа камиони со бугарски војници во потрага по партизаните, видени на тој терен. Другарите: Сермен и Коки, не се задржаа кај колибата, тие го продолжија патот и влегоа во градот. Уште истиот ден вечерта, имаа состанок со секретарот и еден член на Градскиот комитет (Боро Миљоски и Роза Камхи). По обостраното информирање за состојбите се договориле за идните насоки за работа.

## Одисеја на една партизанска патрола

15. Кон средината на декември 1942 година, пред да замине четата за Мариово (командата упати патрола, Добри и Тунело, до МК на Битола со извештај за текот на преговорите со Леринската партиска организација. Кога стигнаа во Лавци, разбраа оти во градот имало апсења и дека врската со МК е прекината. Добри реши сам, преку лична врска, да влезе во градот и да се поврзе со МК, па така се и поврза со секретарот Боро Миљовски, кому му го предаде писмото и со двајца нови партизани (Јордан Крстевски и Милан

Илиевски-Саша) се врати во Лавци, каде што го чекаше Тунело. Од тука четворицата со полни ранци тргнаа кон грчката граница. Кај селото Лажец, поради темница и магла залутале, се вртеле во круг околу Лажечката река и до изутрината се наоѓале на 200 метри од бугарската караула, притаени во грмушките. Кај 9 часот одекна истрел и веднаш потоа од една грмушка се појави бугарски цариник, кој на рамо носеше карабин, а во рацете ловечка пушка, ловел диви патки. Патролата вооружена со пиштоли и бомби, во моментот се збуни, цариникот ладнокрвно, мислејќи дека се шверцери, со карабинот ги натера да одат кон караулата. Во моментот кога рипајќи преку еден јаз, Тунело за миг го потегна пиштолот и со неколку куршуми го уби цариникот.

Патролата се ослободи од цариникот, но сега се заканувааше опасност да ги откријат бугарските граничари, затоа веднаш го напуштија местото и се упатија подлабоко во поплавеното поле. Теренот не го познавале, талкале цел ден во вода и кал, а приквечер се нашле кај селото Логоварди, на патот Новаци-Битола. Во ова мачно талкање, Сашо заостана, не можеше да ја следи групата, а Јордан беше толку исцрпен што мораше да се засолни во Битола, додека другите одвај се довлечкаа до Лавци. По неколку дена лутање, Сашо исто така се засолни во Лавци. На 24 декември патролата Добри и Тинело (само двајцата) пак кренаа кон Леринско. Кога ја поминаа границата, во маглата пак го загубиле патот и така наишле на грчка караула. Граничарите, мислејќи дека се шверцери, им наредиле да влезат во караулата на претрес. На влезот Добри секавично ги извадил пиштолот и го убил командирот кој чекал на вратата и во таа мешаница се извлекле на различни страни, секој мислејќи за другиот оти е фатен или загинат. Добри истата ноќ влезе во Лерин и се најде со врската. Следниот ден (25 декември) дозна дека во караулата минатата ноќ биле убиени

двајца граничари, еден ранет. Истиот ден дојде курир од селото Раково во Опсирани (парт. база) и јави оти кај нив дошол партизан кој го преживеал судирот во караулата. (Тунело). Така се заврши одисејата на оваа патрола.

Четата се припрема за зимување

16. По враќањето од Мариово, четата се смести во коријата над Ореово и тука остана од 29 декември до 2 јануари 1943 година. Овде главнината од четата ја дочека новата година. За тоа време, пак се обновија старите расправии - што да се прави преку зимата. Донесена е одлука главнината на одредот да остане на битолски терен, поделени во три групи и тоа: Ореовска група: Сермен, Коста, Коки, Кочо, Добри, Лазо, повремено и Гоце. Лавчанска група: Строгов, Тунел, Вет, Сашо, Сотир, Кумо и Кајзеро, Канинска група: Пјер, Петре, Ристо, Блажо, Васил, Насе, сите кои беа во Грција, да си останат таму. Штабот имаше сложена задача да ја насочува и координира целата активност на четата лоцирана на широк простор.

Задачите на четата "Сандански" во текот на зимата беа главно од политички, организационен и подготвителен карактер. Групата која остана во Грција, имаше задача да работи на подобрување на односите и соработката со грчката партија и да изврши подготовки кај македонското население за идните дејства на тој терен. Канинската група имаше задача, интензивно да работи на популаризација на НОД и на прифаќање нови борци. Исто така, беше задолжена на погодни места во коријата да организира бази и канали за префрлување нови борци преку грчката граница.

Ореовската и Ловченската група беа најјаки со своите бази во Ореово и во Лавци. Штабот кој беше во ореовската група постојано беше на терен, одржуваше врска и ја насочуваше активноста на другите групи. Командата беше непосредно поврзана со комитетот во

Битола и повремено беше ангажирана на зацврстување на оддел ни селски организации, како и на воспоставување на прекинатите врски кои беа често поради апсењата и илегализирањето на компромитираните активности. Исто така, одржуваше постојана врска со одредот "Даме Груев".

Судир на партизанска патрола со контраши кај Смилево

17. На 10 јануари 1943 година, во Штабот на четата престојуваше другарот Гоце, кој во Преспа (кон крајот на декември) имаше средба со Мите Трпоски (од реонскиот штаб) и го извести штабот на четата дека одредот "Даме Груев" се собрал во албанскиот дел на Преспа, каде се поврзал со албанската партија. Штабот го искористи доаѓањето на другарот Гоце да се договори со него за префрлување на оружјето, кое во летото 1942 година беше складирано во близина на село Смилево. Тој не знаеше дали ова оружје беше откриено за време на провалата во овој реон, па затоа предложи една патрола да отиде таму и ја утврди состојбата. Следниот ден патролата во состав: Гоце, Коки и Јордан (кои патролата на Добри ги остави во Битола), тргнаа кон Смилево. (Поминаа низ селото Ротине, тука Јордан се разболе и остана). Кога стигнаа пред селото, патролата дозна дека земуницата со оружје била откриена за време на провалата и Бугарите оружјето го однеле во Битола.

Со ова задачата на патролата беше завршена, во близина на селото Лера се засолни во една дабова шумичка, каде што чекаше да се стемни и да се врати во својата база. Меѓутоа, тука беше откриена од контрашите кои припукаа на патролата, но партизаните - користејќи ја шумата, успеаа да се извлечат и вечерта дојдоа во селото на Гоце-Ѓавато. Овде истата ноќ се пренесе веста дека Гоце и уште еден партизан се откриени кај с.Лера и дека еден од нив е ранет (утврдиле по крвта во снегот од повредата на Коки при паѓањето).

Тука патролата остана ноќта и следниот ден скриена во плевната на роднината на Гоце (Трајан Батков). Рано сабајле селото беше блокирано од бугарската полиција и војска и полицијата вршеше претрес по куќите. Претресена беше и куќата на домаќинот, каде што беа засолнети партизаните, стана драматично кога ја претресуваа плевната каде што беа сместени, но сепак останаа неоткриени. Вечерта, под заштита на мракот и со помош од домаќинот, патролата успеа да се извлече од селото кое уште беше блокирано и следниот ден полицијата продолжи со претресување на куќите.

Во малото село Ореово во зимата 1942/43 беа сместени две војски

18. Командата на четата "Сандански" со уште неколкумина партизани во текот на зимата (јануари и февруари 1943 година), беше сместена во селото Ореово. Во истото село, во исто време, на другиот крај, зимуваше еден вод бугарски граничари. Така, се случи во едно мало село - зафрлено во пазувите на Баба планина - да престојуваат две противставени војски-окупаторската и партизанската. Бугарските граничари се движеа дење и си ја вршеа службената, партизаните дење се одмораа, а ноќе ги извршуваа своите организациски и борбени задачи. Се случуваше патролите да се судрат во и околу селото и потоа се повлекуваа секоја кон својата база. Зимата беше многу јака, со длабок снег, партизаните ги користеа трагите по снегот што ги правеа граничарите дење - за ноќно влегување или за излегување од селото.

Во текот на таа зима бугарската полиција и војска неколку пати преземаше акции за чистење на теренот, ги претресуваше сите околни села и шуми. Селото Ореово не беше опфатено во такви акции, бидејќи не можеше да се замислат во село каде што е стациониран вод на граничари да може да има партизанска база. Партизаните беа сместени во плевната до куќата на домаќинот Јонче Србиновски на

крајот на селото. Покрај плевната течеше поточе кое надолу го сечеше патот Ореово-Буково. Кога снегот беше неразгазен, ова поточе им служеше на партизаните како пат за излегување или доаѓање во засолништето.

## III

## ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЧЕТАТА "САНДАНСКИ" КОН ОДРЕДОТ "ДАМЕ ГРУЕВ" И АКТИВНОСТА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

### Непосредни подготовки и префрлување на четата "Сандански" во Преспа

1. Во текот на зимата - јануари и февруари 1943 година се вршеа интензивни подготовки за заедничко дејство на одредот "Даме Груев" и четата "Сандански", како единствен силен партизански одред на нови простори, каде што условите беа многу подобри за афирмација на партизанскиот покрет. И двата штаба подеднакво беа ангажирани на преземање се она што беше потребно за реализација на оваа замисла.

Во првата половина на февруари 1943 година во Преспа, која беше под италијанска окупација, дојдоа другарите Коста и Гоце и преку Мите војводата се поврзаа со Штабот на одредот во Коњско. Оваа средба беше многу важна, требаше конкретно да се договорат за префрлување на четата "Сандански" за реорганизација на одредот и да го разгледуваат планот за идното дејствување. За оваа идеја и намера четата "Сандански" преку МК во Битола, во почетокот на февруари го извести Главниот штаб на Македонија, кој во своето писмо од 10 февруари 1943 година позитивно ја оцени оваа иницијатива за заедничко дејство во Преспа и во Егејска Македонија.

2. Околу 20 февруари 1943 година дел од четата "Сандански" предводена од Коста (Брбевски, Коки, Кочо, Вет, Лазо, Тунел и

Тоде Дериевски-Кумо) преку селото Прељубе, стигнаа во Покрвеник. Пречекот беше величествен и целото село се собра на митинг на кој зборуваше заменикот политички комесар Коки и Командантот Коста. Откако се снабди со храна, делот на четата "Сандански" се префрли во селото Коњско, каде се поврза со одредот "Даме Груев", кој што таму се беше вратил од акцијата во селото Нивици (каде одржа митинг).

Италијанска офанзива

Митингот во Нивици предизвика жестока реакција од страна на италијанските окупатори, кои презедоа офанзива. Партизаните беа принудени да се повлечат од овој простор кој беше многу непогоден за воени дејства. Преку албанската територија се префрли над селото Лескоец, мислејќи дека таму се партизаните, меѓутоа тоа беше нивно целосно промашување.

3. На 7 март, одредот "Даме Груев" (зајакнат со дел од "Сандански") со цел да ја изманеврира италијанската офанзива, се префрли над селото Отешево, во пештерата во месноста Пропасна. Два дена подоцна се префрли во Покрвеник и се смести во црквата, каде што се задржа до 12 март. Ова време штабот на одредот го искористи за разговор со видни селани од околните села и одржа состанок со членовите на Партијата и на СКОЈ од селото. На овие состаноци беа присутни и секретарот на Реонскиот комитет Боце Ламбевски и членовите Мите војводата, Панде Белеш, Трајчески Јане и Живко Стефановски. Потоа, во селото се одржа митинг на кој беше избран Народноослободителниот одбор.

На 12 март, италијанската војска тргна пак во потера по одредот со намера да го блокира и да го уништи. Меѓутоа, и овој пат намерата на непријателот беше навреме откриена од страна на партиската организација на Покрвеник и Лавци. Одредот навреме се

повлече во селото Стипона, Каде што остана околу 10 дена. За ова време, поединци од одредот, ноќта влегуваа во блиските села, Воjкодери, Шулинци, Прелубjе и др. каде што имаа разговори со селаните, со партиските активности и се снабдуваше со храна.

Недоразбирање кое се заврши среќно

4. На 22 март 1943 година, одредот се префрли над селото Отешево во пештерата, каде што беше договорена средба со другиот дел на четата "Сандански" коjа доаѓаше од Битола. Меѓутоа, битолчаните не стигнаа во договореното време. Одредот на 25 март тргна за каj трлата над селото Лескоец. Кога се доближи кон целта, Овчарот заедно со Калчо ги собраа матарките и отидоа до изворот по вода, се слушнаа неколку истрели од правец на изворот. Веднаш потоа забележале дека од североисточната страна по работ на шумичката се движи вооружена колона и кога припукале по неа веднаш се изгубиле во шумата. Партизаните изненадени помислиле дека е италиjанска единица.

Меѓутоа, тоа беше само моментално недоразбирање, кое се заврши среќно. Се случи така, што веднаш по заминувањето на одредот од Каменоломот, пристигнаа партизаните од Битола, кои од Покрвеник ги водеше Мите воjводата. Кога виде дека одредот замина по краток одмор, групата jа поведе кон лековачките трла по наjкраток пат и така стигнаа речиси во исто време. Радоста беше поголема кога на 24 март "мистериозната колона" се спои со одредот. Во оваа група беа: Строгов, Добри, Ѓоко Тапанџиjа, Васко Пурино, Алберт Русо, Соломон и Сами Садикарио, Алберт Касорла, Цане Павловски, Јонче Георгиевски, Панде Каjзеро, Панде Лочето, Милан Саша, Гоце Траjковски и Димче од Крстоар.

Реорганизација на партизанскиот одред "Даме Груев"

5. На 25 март 1943 година, над селото Лескоец кај бачилата пред построените борци свечено е извршено спојување на четата "Сандански" во единствен партизански одред "Даме Груев" со јачина од 36 партизани и тоа: Тодор Ангеловски-Строгов-командант, Јосиф Јосифовски-Ѓорче-политички комесар, Ѓоре Велковски-Коста -заменик командант, Ванчо Прке-Сермен, заменик-политички комесар, Димче Милевски-Добри, Нечевски Вангел-Тунело, Бено Русо-Коки, Пецо Божиновски-Кочо, Илија Спировски-Панде, Наум Василевски -Овчарот, Тодоровски Ристо-Вед, Тапанџија Ѓоко, Васко Ангеловски -Пурино, Соломон и Сами Садикарио, Мите Трајчевски-Старејко, Јордан Наумовски-Колче, Крсто Соколовски-Јордан, Виктор Меѓулан -Бустрик, Илија Игевски-Цветан, Славе Илиевски-Стево, Круме Димитровски-Мико, Алберт Касорла-Берто, Алберт Русо-Коте, Цане Павловски, Јонче Георгиевски, Панде Кајзеро, Панде Лочето, Милан Илиевски-Сашо, Гоце Трајковски-Башчелик, Димче Димитровски, Петко Велковски, Тоде Дериевски-Кумо, Сотир Брбевски-Ило и Мордехај Нахмијас-Лазо. Истиот ден Штабот на одредот направи план на активностите во албанскиот дел на Преспа и во Егејска Македонија.

Кога одредот тргва за Албанска територија, истиот ден една патрола, Добри и Тунело кренаа за Битола со задача да го извести МК во Битола за задачите на "Даме Груев" да прифатат нови партизани и истите да ги префрлат за Леринско, каде беше закажана идната средба со одредот.

6. На 26 март 1943 година, одредот со чунови од Коњско се префрли за Глобочани (македонско село под Албанија), оттука се упати кон селата Шулин, Пустец и други македонски села на албанска територија, каде се задржа неколку дена. На 5 април одредот влезе на грчка територија и дојде во рибарското село Трново.

Ноќта помеѓу 5 и 6 април, одредот со чунови се префрли на источниот брег на малото езеро северно од селото Дреново. Одредот се најде во Костурско, на сосема непознат терен, затоа веднаш по истоварувањето, се упати кон планината и таму се одмараше цел ден.

Активноста на одредот во Костурско

За Костурскиот терен, Штабот имаше само некои основни податоци: дека е под италијанска окупација, дека има гарнизон само во Костур, од каде вршат контрола само на меѓуградските комуникации, дека населението е македонско со револуционерна традиција и под влијание на големобугарска пропаганда, дека тоа е пасивен и сиромашен крај. Во овој крај НОД не беше во доволна мера развиена, тоа го искористи бугарската пропаганда да ја засили својата активност, божем за одбрана од озлогласените грчки комити (андарти). Оваа активност имаше и конкретни резултати: во некои повеќето села беа организирани контрачети за борба против партизаните.

7. На 7 април 1943 година, одредот влезе во село Бесвина -Костурско. Селаните се разбегале и се скриле. Од неколкуте старци кои не успеале да побегнат разбраа дека селото се вика Бесвина, дека има околу 70 куќи и дека селаните побегнале од страв, мислејќи дека се грчки андарти. Штабот веднаш нареди, партизаните да не влегуваат во куќите. Сите се собраа на сред село, освен оние кои беа на стража или во патрола. По извесно време оние кои беа скриени во блиските плевни и бавчи, почнаа да излегуваат, претпазливо и љубопитно гледаа што се случува, вчудовидени ги гледаа партизаните кои сред село пеат и играат. Насобраните селани партизаните им кажуваа кои се, од каде се и зошто се дојдени тука. Се она што го слушнаа, црвените петокраки и човечкото однесување, внесе малку светлина во збрканите глави на селаните. На митингот зборуваше комесарот Ѓорче, за целите на НОД, за разобличувањето на големо-

бугарската пропаганда и за заедничката борба на македонските и на грчките партизани. Селаните беа резервирани, не беа сосема начисто што се се случи со нив тој ден.

8. На 8 април, одредот, откако се снабди со храна, го напушти селото смирено и организирано, испратен од месните жители многу подобро, отколку што беше пречекан. Се упати во правец на селото Кономлати, патем партизаните живо расправаа за се она што се случи во претходната акција. На сите им беше јасно дека работата на овој терен нема да биде лесна. Штабот на состанокот со сите борци подвлече неколку основни задачи за сите: прво стрплива политичка и пропагандна работа за разобличување на бугарската политика, второ, објаснување на целите на нашата борба и потребата од заедничко дејство на македонските и на грчките партизани, трето, примерно однесување во секој поглед од страна на некој партизан.

Во овој дел од Костурско немаше грчки партизани, некои групи доаѓале но бргу си оделе, македонското население од овој крај не ги прифаќало. Теренот помеѓу Лерин-Екшису-Костур-Преспанско Езеро, опфаќа голем простор без витални комуникации и војнички гарнизони. Фактички тоа беше полуслободна територија. Контрола на целиот овој простор вршеа жандармериските станици (од 10 до 20 жандарми) лоцирани во поголемите села. Тоа беше идеално подрачје за создавање партизанска база, за развој на крупни единици за решителна борба против германскиот и бугарскиот окупатор. Одредот "Даме Груев", добро ги уочи сите овие предности и погодности, затоа реши да остане таму додека не обезбеди база на натамошен развој на партизанското движење.

## Борба со контрашите во село Кономлати

9. На 9 април, одредот се влогори кај кономладските бачила, од каде што се подготвуваше да влезе во селото Кономлати. Тоа беше големо село каде што со помош на бугарските емисари имаше организи-

зирано контрачета за борба против партизаните. Четата имаше околу 30 луѓе, вооружени со пушки и тромблони. Штабот не беше начисто како тие ќе се однесуваат кон македонските партизани, за кои не знаеја ништо, освен она што го чуле по акцијата во Бесвиње. Се водеа долги расправии и убедувања со група селани кои работеа во бачилата, преку нив и со старешините на контрашите. Сето тоа не успеа да го премости јазот што ги делеше, контрашите останаа недоверливи и решија одредот да не го пуштаат во селото.

Одредот сепак реши да влезе во селото се разви во неколку колони и се упати кон селото. Кога партизаните се доближија, контрашите почнаа да пукаат. Што повеќе се доближуваа, огинот на контрашите беше се пожесток, почнаа да пукаат со тромблони. Прво пукаа во воздух, потоа почнаа да гаѓаат, партизанските колони застанаа и се засолнија. Штабот, кој сето ова внимателно го следеше, не сакаше повеќе да ризикува, нареди одредот да се повлече. Штабот заклучи дека со насилно влегување во селото политички многу ќе се загуби, зошто тоа не можеше да се постигне без жртви, а тоа би ја отежнало политичката работа на одредот. Немаше потреба уште на почетокот да се докажат со силата на оружјето. Требаше да им се даде време да излезат од заблудите во кои беа сплеткани.

## Одредот се префрлува во Леринско

10) На 11 април, одредот се префрли во Леринско, во реонот селата Герман-Псодери-Раково. На ова место и во ова време беше закажана средба со патролата (Добри и Тунело) која уште од Коњско беше упатена за Битола да прифати нови борци и со нив да дојде на овој простор во средината на април. Патролата со помош на групата партизани од Породин, Канино и Велушина, прифатија од градот и околните села, голема група нови борци (Македонци кои дезертирале од бугарската војска, група Евреи и некои илегалци). Поголемиот дел од новите партизани, кои се собраа над селото Канино, веднаш беа вооруу-

жани и организирани како борбена единица, и така се префрлени преку границата во реонот на Раково.

Кога оваа група стигна близу до границата, се сретнаа со друга партизанска патрола, предводена од Кочо, која носеше порака првата патрола веднаш да се врати во Битола и да прифати нови групи. Повод за тоа беше наредбата на бугарскиот министер на војската, со која на војниците им се укинуваат отсуствата и им наложуваат веднаш да се вратат во своите касарни. Од Македонци кои побегнале од бугарска војска и други доброволци се собра нова група која веднаш тргна кон границата во правец на Раково. Во текот на април 1943 год. спомнатите патроли со помош на група партизани од четата Сандански, кои зимуваа и работеа на овој простор префрлија од Битола и околните села околу 40 нови партизани и тоа: од Битола: Вангел Илиевски, Жамила Колономос, Боро Алтипармак, Естреја Овадија, Естреја Леви, Адела Фараџи, Димко Курчииски, Ментеш Ишах, Димитар Трпковски, од с.Канино: Трајко Костовски, Мендо Спасовски, Георги Бошевски, Живан Колевски, Ристо Тодоровски, Милан Димовски, Георги Димовски, Ристо Спасовски, од с.Бистрица: Крстин Чулаковски, Стојан Стојановски, Борис Стојановски, Ристо Ковалиевски, Ѓеро Фотев, Јонче Фотев, од с.Брусник: Васко Карангеловски, Бошко Станковски, Дане Петковски, Тале Огненовски, Цане Огненовски, од с.Лавци: Јосиф Неделковски, Фана Кочевска, Пецо Гудовски, Панде Ташковски, од с.Диово: Димче Стериевски, Јонче Горгиевски. Од с.Ротино: Јордан Крстевски. Од Прилеп: Митко Цветковски.

Со новодојдените борци, одредот Даме Груев, нарасна на околу 90 луѓе. На 24 април во Штабот на одредот дојде до кадровски промени, Строгов и Серман отидоа на нова должност, за нов командант е поставен Коста, а негов заменик стана Овчарот, политички комесар остана Ѓорче, негов заменик стана Лазо Хаџипоповски-Јорго, за началник на Штабот е поставен Никола Тодоровски-Канински.

<u>Договор за заедничко дејствување со грчкиот партизански одред "Вичо"</u>

11. Веднаш по доаѓањето на леринскиот терен, одредот беше информиран дека на овој терен е формиран грчки партизански одред "Вичо". Набргу потоа се состанаа раководствата на двата одреда, по долга расправа постигнаа договор за заедничко дејствување во Леринско и Костурско. Договорот е постигнат на 22 април и неговите основни точки беа: Прво секој одред останува посебна формација и под команда на свој штаб, второ, заеднички ќе се борат против италијанско-германскиот окупатор, нивно истерување од леринско-костурскиот терен, трето, заедничка борба против бугарско-фашистичката пропаганда, четврто, разоружување на контрашите во Леринско и Костурско, петто: создавање братство меѓу македонскиот и грчкиот народ, шесто: заради поефикасно дејство, двата одреда ќе имаат единствен командант додека се врши заедничка акција, за командант беше одреден другарот Строгов.

Покрај некои суштински недоразбирања, сепак двата одреда најдоа допирни точки за договор и за заедничко дејство. Грчките партизани повеќето беа возрасни, фамилијарни луѓе, меѓу кои имаше комунисти од 1920 година. Во прво време македонските села немаа доверба во одредот "Вичо" иако беа симпатизери на НОД. Партизаните на "Даме Груев" вложија голем труд за да се надмине таа недоверба. На 23 април во близина на Лерин, каде што беше по задача, фатен е и стрелан борецот на одредот "Дамјан Груев" (чета Сандански) Петар Пуплевски-Пепи од Битола. На 24 април е изведена прва заедничка акција во селата Горна и Долна Клештина, каде се одржа митинг и се фатени тројца шпиони кои од револуционерниот суд беа осудени на смрт и веднаш се стрелани.

12. На 26 април е изведена втората заедничка акција во село Буф, каде е одржан митинг, собрана е храна и се фатени неколку соработници на окупаторот и им се заканија да се откажат од таа предавничка работа. Потоа се редеа заеднички акции по селата: Ерменско на 30 април, Трсја и Статица на 2 мај (во првото село разоружани се 16, а во второто 4 контраши), Турие на 3 мај, Нерет на 5 мај, Котаре, (Горно и Долно) на 9 мај, Елово и Бел Камен (арнаутски села) на 12 мај, Аитос на 13 мај. На 15 мај една диверзантска група изврши диверзија на железничката пруга Лерин-Воден кај селото Баница. По оваа успешна акција партизанското движење доби голем полет и нагло се развиваше одредот ("Даме Груев" и "Вичо") порасnaа на 150 борци и го контролираа цело Леринско подрачје-освен градот Лерин и главните комуникцаии Лерин-Воден и Лерин-Костур.

13. По овие успешни акции во Леринско, одредите се упатија во Костурско. На 16 мај вечерта влегоа во местото Невеска, познато туристичко место со градски начин на живеење. На 19 мај одредите влегоа во селото Прокопана. На ова место пристигна група од 15 нови борци од Битолско (повеќето македонци-бугарски војници). Овде пристигна и диверзантската група, која изврши акција на пругата кај Баница. Овие две групи се сретнаа кај селото Негован, од каде го продолжија патот заедно, самоиницијативно решија да извршат акција во селото Росен кај познатиот богаташ (Робев) од кого реквирираа: две мазги, неколку шаторски крила и жито кое веднаш им беше поделено на селаните. Во Прокопана е направен конкретен план за дејство во Костурско, каде што влијанието на НОД беше слабо.

Додека одредите "Даме Груев" и "Вичо" беа во Прокопана со групата нови борци, од Битола дојде и другарот Платник кој донесе директива од Главниот штаб за поделба на Македонија во оперативни зони. Во II-зона (каде спаѓаа Битола, Прилеп и Преспа) беше предвидено да се формираат Битолски, Прилепски и Преспански партизански

одреди. Битолскиот одред да дејствува во Битолско, а базата да му биде во Леринско, Преспанскиот да дејствува во Преспа, а базата да му биде во албанскиот дел на Преспа. Одредот "Даме Груев" да се реорганизира и да се префрли во Дебарца каде треба да создаде база за дејство кон Прилеп и Крушево.

## Упатена патрола за Дебарца

Штабот на одредот "Даме Груев" со оваа замисла на Главниот штаб беше запознат уште порано. Затоа веднаш по акцијата на с.Буф на 26 април 1943 година, испрати патрола во состав Овчарот, Кочо и Калчо за Дебарца со задача: да се поврзат со Петар Пирузе-Мајски и со него да ги проценат силите на окупаторот на тој простор, состојбата кај населението и можностите за дејство на одредот на тој терен. Патролата на пат тргна преку Баба Планина, помина над с.Брајчино и следниот ден в зори стигна во с.Подмочани, каде се поврза со парт.организација и се снабдија со храна. Врска воспоставија преку Милан Шушевски, кој меѓу другото, ги извести дека во селото Покрвеник се засолниле двајца Македонци кои побегнале од бугарската војска - Христо Герасимовски-Бучко и Ѓорги Бендевски-Џони, (првиот од с.Болно, а другиот од с.Ѓавато). Патролата реши и двајцата да ги приклучи кон својот состав. Потоа во текот на ноќта се префрлија преку демаркационата линија и пред зори стигнаа над с.Златари каде предениjа. Вечерта преку Демир Хисар се упатија кон с.Белица, каде пак ја поминаа демаркационата линија и преку с.Козица дојдоа во с.Мраморец.

На 11 мај патролата влезе во селото Мраморец на 17 мај во Турие и во Сошане на 21 мај каде разговараше со селаните. Кметот во с.Турие беше наклонет на окупаторот и затоа му беше одземен пиштолот кој му го подарија Италијанците. Над селата Оздолени и Сошане во воденицата, патролата се сретна со Богдановски Младен, партиски активист во тој крај. Од него дознаа за распоредот на италијанските

карабинери и финансии, за расположението на народот за теророт на балистите и за активноста на НОД во Дебарца. Тој имаше врска со Мајски но тие денови не знаеше каде се наоѓа тој. Потоа на 22 мај тргнаа назад, преку селата Злести-Курашица и Завој, стигнаа во Илинската Планина (Преспа). Оттука се префрлија над с.Лескоец, каде што на Кузман Јосифовски-Питу му реферираа за извршената задача.

Некаде кон крајот на мај Питу го викна Овчарот и му наложи (со Калчи и Гого Трајковски од с.Лавци-Преспа) уште еднаш да оди во Дебарца во село Црвена Вода, каде ќе го најде Мајски и заедно да се вратат во Преспа. Патролата веднаш тргна на пат и со Мајски се најдоа над селото Врбјани. Следниот ден од с.Врбјани (Дебарца) тргна група од седум партизани на чело со Мајски и Овчарот. Групата беше зајакната со Злате Билјановски-Михаило од Крушевскиот одред, Томе Цветковски од Белчишта и еден партизан од Кичевскиот одред. Некаде кон средината на јули, групата без некои тешкотии стигна над с.Покрвеник, оттука тргна за село Брајчино во базата Колојзана каде што се наоѓаше Питу.

## IV

## ВТОРА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ОДРЕДОТ "ДАМЕ ГРУЕВ" И ВРАЌАЊЕ ВО ПРЕСПА

1. На 20 мај 1943 година во село Прекопана (Костурско) свечено беше формиран новиот партизански одред Гоце Делчев, кој во својот состав имаше 57-борци. Веднаш потоа заедно со грчкиот одред "Вичо" ја започна својата активност во Костурско. Одредот "Даме Груев", составен од 27 борци, замина за Преспа во следен состав: Јосиф Јосифовски-Свештар, Горе Велковски-Коста, Наум Василевски

- Овчар, Илија Спировски-Панде, Бено Русо-Коки, Пецо Божиновски-Кочо, Димче Милевски-Добри, Илија Итовски-Цветан, Крсте Соколовски-Јордан, Јордан Наумовски-Калче, Мите Трајчевски-Старејко, Славе Илиевски-Стево Круме Димитровски-Мичо, Петко Велковски, Вангел Илијевски, Жамила Колономос-Цвета, Адела Фраџи-Ката, Виктор Мешулам-Бустрик, Ѓоко Тапанџија, Борис Алтипармак, Соломон Садикарјо-Мо, Ристо Тодоровски-Вет, Митко Цветковски-Ганчо, Гоце Трајковски-Башчелик, Ристо Герасовски-Бучко, Ѓеорги Бендевски Џоки и др.

Повеќе од половина од новиот состав беа стари "Груевци", кои во сите промени го сочинуваа јадрото на одредот. На тој пат на 25 мај влезе во селото Калуѓерица, каде што одржа митинг. Потоа одредот се префрли преку граница и на 30 мај дојде во селото Сливница -Преспа. Тука одредот остана неколку дена, за тоа време упати патрола во селото Подмочани - каде што на втори јуни беше убиен шпионот Трајко Андреевски.

Одредот одовде се префрли на другата страна на езерото и на 4 јуни се смести над селото Лескоец. На ова место штабот имаше средба и договор со партиските активисти од околните села. Во тоа време на овој дел од Преспа НОД беше во голем подем. Од неколку села излегоа 18 - нови партизани и тоа: од Покрвеник 8 (Јордан Тасевски, Мите Трповски, Дилко Трповски, Лазар Темелковски, Атанас Ристовски, Живко Митровски, Панде Толевски и Јордан Андреевски) од Прелубје два (Киро Јошевски и Милан Павловски), од Волкодери два: (Санде Тасевски и Танас Тасевски), од Лавци четири: (Јане Трајчевски, Гога Трајчевски, Живко Андоновски и Кире Ефтимовски), од Царев Двор 5: (Живко Котевски, Ефтим Бодозовски, Боче Ламбевски, Мите Прцуловски и Агром Амети) од Подмочани 2 (Ефтим Ристовски и Живко Стефановски).

Потоа одредот се префрлува преку Галичица во Охридско. На 9 јуни изврши две акции во село Елчани, одржа митинг, а во село Коњско разоружи еден карабињер ( жандар). Потоа одредот се враќа во Преспа и на 14 јуни држи митинг во село Рајца, а на 19 јуни повторно е во селото Сливница.

2. Во средината на јуни 1943 година, италијанската окупаторска власт во Преспа, објави мобилизација на младинци за италијанската војска. Мајски кој туку што стигна од Дебарца, беше ангажиран да ја разобличи оваа акција на окупаторот. Тој со една партизанска патрола (Коки, Мичо, Бустрик) тргна да ја изврши поставената задача. Прва средба на групата со такви младинци имаше во село Брајчино кај манастирот "Св.Арангел". На закажаното место младинците ги доведе Кристин Трендовски, на собраните младинци им се обрати Мајски: "Вас имаат намера да ве одведат во Албанија, да станете италијански окупаторски војници. Нема поголема срамота за нашата младина од тоа да му служи на окупаторот. Ние ве повикуваме да бидете во партизанските редови, ви се укажува можност да и служите на татковината Македонија". Младинците потоа си разотидоа збунети и неподготвени за таква одлука. Во партизани дојде само еден Мите Ангеловски-Саве. Иста таква акција беше следниот ден, организирана во селото Горно Дупени. Од повеќе повикани младинци на средбата никој не дошол. Повеќето од нив кој беа повикани, рано сабајле заминале преку планината за Битола.

3. На 20 јуни одредот над селото Брајчино (месноста кај Лојзијана) се најде со одредот "Гоце Делчев". Борците на одредот "Даме Груев" на ова место беа запознати со жалната вест дека на 23 јуни 1943 година загинале другарите Строгов и Кајзеро во село Лавци-Битолско. На 28 јуни е извршен напад на село Раково (Грција) и во акцијата се заробени 8 полицајци, запалена архива, запленет воен

материјал и одржан успешен митинг. На 30 јуни е планиран заеднички напад на село Герман (Грција) но до овој напад не дојде, затоа што пред нападот полициската станица доби големо засилување. Одредот "Даме Груев" на 1 јули, близу до селото Брајчино нападна една италијанска патрола каде што се заробени два карабинери и е запленета една маска натоварена со воена опрема. На овој терен се задржа одредот неколку дена.

На 6 јули 1943 година, одредот "Даме Груев" со помош на месното население ги пресече телефонските жици од воените телефони, меѓу Љубојно и Царев Двор. На 8 јули одржа митинг во селото Претор, а потоа преку Подмочани и Покрвеник, одредот се префрли во месноста Ломје, каде што остана од 9 до 17 јули 1943 година.

Во партизанската база Ломје, одредот го пречекаа другарите Цветко Узуновски-Абаз и Кузман Јосифовски-Питу, од кога му пожелаа на одредот добредојде и му честитаа на постигнатите успеси, внимателно го искушаа извештајот на комесарот Ѓорче. Потоа другарот Абаз, го запозна Штабот на одредот, со новите задачи на "Даме Груев" во Дебарца: да ги зајакне партизанските дејства започнати на тој простор, да обезбеди база и услови за активно дејство, оттаму кон Прилеп и Крушево.

## Одредот "Даме Груев" по трет пат се реорганизира и заминува за Дебарца

4. Одредот го искористи одморот за подготовки и по трет пат изврши реорганизација (прво кога му се приклучи четата "Сандански", второ, кога го формира одредот "Гоце Делчев"). Трета и последна реорганизација извршена е на 17 јули 1943 година во месноста Ломје. Треба да се каже оти основното јадро од околу 15 другари на одредот, остана непроменето и тие го одржуваа борбениот континуитет на

одредот. Во штабот на одредот "Даме Груев" влегоа: командантот Веслиіевски Наум-Овчарот, заменик командантот Трповски Мите -Војводата, политичкиот комесар Јосифовски Јосиф-Ѓорче, заменик политички комесар Белев Трајан-Гоце.

Одредот по реорганизацијата имаше 41 борец, именичен состав беше следниот: Алтипармак Борис, Амети Агрон, Ангеловски Митре-Саво, Андреевски Живко Бојан, Андреевски Јордан, Белеш Панде, Бендевски Ѓорги-Џони, Бодосевски Ефтим-Базро, Бојчевски Кочо, Велковски Петко, Веслиевски Наум-Овчар, Герасовски Ристо-Бучко, Димитровски Круме-Мичо, Илиевски Вангел, Илиевски Славе, Иговски Илија-Цветан, Јошевски Киро-Перо, Колономос Жамила-Цвета, Ламбевски Боче, Мешулан Виктор-Бустрик, Павловски Милан, Прцуловски Мите, Ристовски Атанас, Ристовски Ефтим, Садикарио Соломон-Мо, Соколовски Крсто-Јордан Стојановски Тоде, Тапанција Ѓоко, Тасевски Атанас-Комито, Трајчевски Гога, Тасевски Јордан, Тодоровски Ристо-Вет, Трајковски Гоце, Фараги Адела-Ката, Цветковски Митко-Ганчо, Милевски Димче-Добри, Русо Бено-Коки, Трајчевски Мите-Старејко, Темелковски Лазе-Ванчо, Јордан Наумовски-Калчо.

Одредот во новиот состав се построи за смотра пред членовите на Главниот штаб. Од името на главниот штаб борбеното знаме на одредот му го предаде другарот Узуновски Цветко-Абаз. Ова беше прво македонско борбено знаме свечено предадено на партизанска единица. Командантот Овчарот, кога го прими знамето, откако го бакна рече: Дури главата стои на рамото, знамето не го даваме од раце, потоа знамето му го предаде на знаменосецот Јошевски Киро-Перо. На крајот борците се заколнаа и сите заедно ја испеаја песната "Изгреј згора на слободата". Одредот го поздрави и за неговите задачи зборуваше Добривоје Радосављевич. По него за воено-политичката ситуација и за наредните задачи на одредот зборуваше. Абаз. Нацртот на знамето даден од главниот

штаб го навезоа младинките од Покрвеник: Цвета Георгиевска, Здравка Темелковска, Дана Тасевска, Живка Крстиновска и Цвета Шушевска. Во везењето на знамето учествуваа и партизанките Цвета и Кате.

Напоредно со реорганизацијата на Одредот "Даме Груев" се изврши формирање на нов преспански одред, кој имаше задача да ја продолжи партизанската активност во Преспа. Во составот на овој одред влегоа и 13 искусни борци Груевци, како јадро, а вкупно имаше околу 35 борци.

5. На 17 јули вечерта Одредот "Даме Груев" тргна за Дебарца преку месноста Исток над селото Завој, источно од селото Куранца - над селото Велмеј и слезе близу до селото Сошани, каде што се улогори. Два пати Одредот мораше да ја мине демаркационата линија, се одеше претпазливо, селата и секоја средба со кого било се избегнуваше. Дебарца покрива површина од 353 квадратни километри и спаѓа во ридско-планинско подрачје. Има 24 села и тогаш имаше 16.000 жители Македонци. Географски се наоѓа настрана од важните стратегиски правци, затоа ова подрачје повеќе пати во борбената историја на македонскиот народ служеше како база на ослободителните движења. Италијанската окупаторска власт Дебарца ја подели на три општини: Белчиште, Слатино, и Сливово. Во поголемите села имаше организирано карабинерски (жандармериски) станици, за заштита на својата власт: во Сливово 14, Издеглавје 12, Белчиште 8, Ботун 10 и во село Лешане 10 жандари.

Организираниот отпор на населението од овој крај започна есента 1941 година со доаѓањето на партискиот активист од Охрид (Петар Пирузе-Мајски). Во пролетта и летото 1942 година на овој терен престојуваат другарите Питу и Крсте Црвенковски. Први контакти со партизанските единици имаа со Кичевско-Мавровскиот партизански одред

во мај 1943 година кога ја нападнаа карабинерската станица во Сливово и во јуни железничката станица кај Пресека и потоа си заминаа на друг терен.

Активноста на Одредот "Даме Груев" во Дебарца

6. На 20 јули, Одредот одржа прв митинг во село Сошане. Следниот ден влезе во селото Озделени, каде што одржа митинг и зеде две пушки. На 22 јули Одредот влезе во селото Слатино, каде што одржа митинг и се снабди со храна. Истото го направи и во село Мраморец, каде што остана и следниот ден, овде по митингот е одржано културно-забавна програма. На 26 јули одредот имаше акции во селото Годивје, а на 28 јули влезе во Црвена Вода, каде што по митингот дојдоа тројца нови партизани од ова село во одредот и тоа: Ристо Наумовски, Андон Андоновски и Русе Несторовски. На 30 јули одредот влезе во селото Песочани и од ова село еден нов партизан му пристапи на одредот - Стојмир Јордановски-Мирче. Следниот ден е извршена акција во село Ботун, каде што имаше карибинерска станица, од кога беше блокирана станицата и обезбеден патот за Охрид, вечерта е одржан успешен митинг.

На сиве овие собири се настапуваше со иста програма: Воено-политичката ситуација и конкретната состојба на теренот, целите на НОД и потребата за масовна борба против окупаторот и домашните предавници, братството и единството и заедничка борба на македонското и албанското население, потребата од активно учество на жените во НОБ и нивна рамноправност, на крајот овие собири се завршуваа со културно-забавна програма (скеч, врапче, народно-револуционерни песни и игри). Првите денови одредот избегнуваше непосреден судир со италијанските окупаторски единици. Времето го користеше што подобро да се запознае

со теренот на непријателот. Посебно работеше да го популаризира НОД, организира органи на народната власт, како и организирање разузнавачка мрежа која го следеше секое движење на непријателот.

7. Положбата кај населението беше мошне тешка, не толку поради односот на италијанскиот окупатор, спрема нив, колку поради теророт кој (со благосов на окупаторската власт) го вршеа домашните предавници и башибузукот врз населението. По доаѓањето на одредот " Даме Груев " неговите први акции и решението за долгорочно престојување на овој терен, народот се охрабри и почна сам да се организира и да се заштитува со селски стражи и патроли. Соработниците на окупаторот и башибузукот на почетокот заедно со италијанците организираа потера против партизаните, по првите судири со одредот кога ја осетија неговата борбена сила, локални потери повеќе не преземаа. Бандитите на башибузукот се држеа настрана од македонските села, а соработниците се ставија под непотребна заштита на окупаторот.

За јакнење на силата и влијанието на одредот, зборува изведената акција во Белчиште (каде што имаше карибинерска станица). На почетокот на август е одржан собир на селото во непосредна близина на станицата. На претседателот на општината албанец, му беше кажано да се врати од каде и дошол, затоа што народот има своја власт. На овој собир се предупредени сите поткажувачи дека доколку ја продолжат својата предавничка работа, ќе бидат осудени како народни непријатели.

Создавање слободна територија

8. На крајот на јули 1943 година, активноста на Одредот стана поорганизирана и поофанзивна. Напад на утврдени карабинерски ста-

ници не се вршеше, затоа секојдневно се напаѓаа стражи, патроли и возила што вршеа снабдување на станиците. Постојано се кинеа телефонските линии, а Италијанците упорно ги поправаа под заштита на борни коли. Италијанскиот окупатор во Дебарца, по серијата политички и воени акции, оцени дека во Дебарца квалитетно се менува состојбата во нивна штета. Затоа, веднаш презеде широка акција за чистење на теренот со јаки војнички сили од Струга. Оваа офанзива Одредот навреме ја откри и дејствата ги пренесе во Малесија, така што Италијанците удрија на празно и не ја постигнаа својата цел.

На 1 август, Одредот престојуваше во логорот на Караорман, од каде што една партизанска група отиде во селото Ржаново и го снабди Одредот со храна. На 2 август е организирана свеченост по повод "Илинден". Следниот ден Одредот се префрли во Малесија и влезе во селото Буринец, каде што одржа митинг и остана два дена. На 7 август, Одредот престојуваше во селото Локов. Потоа пак се врати во својата база на Караорман, од каде што уште повеќе ги засили акциите во средна и долна Дебарца. Италијанскиот окупатор по неуспехот да се пресмета со партизаните, се повлече во своите гарнизони и уште повеќе се затвори во своите касарни и станици. Решиле своите карабинерски станици во Сливово, Оздолени и Ботун да ги повлечат и да ги зајакнат станиците во Белчиште, Лешани и Велмеј.

9. Со ова повлекување на Италијанците и нивното затворање само во три села, практично речиси целата територија на Дебарца беше слободна и под контрола на НОД и партизаните. Кон средината на август во Дебарца се врати Кичевско-мавровскиот одред. По него дојде Крушевскиот партизански одред, како и дел од Велешкиот партизански одред "Димитар Влахов". Во тоа време Дебарца вриеше

од партизански групи и политичко- партиски активисти кои крстосуваа по целата територија. Кај сите се чувствуваше неописиво одушевување, секому му беше јасно дека во Дебарца се случува нешто ново и големо:

Со таквиот позитивен развој на настаните НОД и оружената борба во Македонија добива квалитетно нови димензии. Создадени се услови за примена на јунската директива од Главниот штаб за поделба на Македонија на оперативни зони. Со наредба на Главниот штаб од 13 август 1943 година, се формирани четири оперативни зони на чело со нивните штабови. Штабот на II оперативна зона (кој опфаќаше територија јужно од линијата Дебар-Кичево-Богомила, и западно од железничката пруга Богомила-Прилеп-Битола, беше во следниот состав: командант Петар Пирузе Мајски, заменик командант Кирил Крстевски-Платник, политички комесар Јосиф Јосифовски-Ѓорче, заменик политички комесар Наум Наумовски-Борче.

Во втората половина на август во сите села успешно почнаа да функционираат НО одбори како органи на народната власт, селата организираа месни команди и народни судови. Во Одредот секој ден доаѓаа нови партизани. Се создадоа сите потребни услови за формирање поголеми оперативни единици. На 28 или 18 август 1943 година на Караорман свечено е формиран Првиот македонски баталјон "Мирче Ацев". Одредот "Даме Груев" даде решавачки придонес во создавањето услови затоа и послужи како јадро во неговото формирање.

## V
## НА КРАЈОТ КАКО ЗАКЛУЧОК

1. Хронологијата за борбениот пат на партизанскиот одред "Даме Груев" е труд на група автори - првоборци на споменатиот партизански одред. Хронологијата е напишана врз база на непосредни сеќа-

вања на повеќе учесници на настаните, по методот на меѓусебно соочување и проверување на секој поважен настан. За секој битен настан се потрудивме точно или приближно да утврдиме време, место, што фактички се случи и актерите кои учествуваа во него. Оценивме оти ова е најдобар начин за реално утврдување на конкретната активност, значењето на сето тоа и улогата на Одредот "Даме Груев" во најтешкото и решавачко време од поновата историја на македонскиот народ. Ваквиот приод и метод за утврдување на факти од настаните од пред четириипол децении конкретно од непосредните актери, беше неопходен поради немање пишани изворни документи за многу важни историски настани од тоа време. Некои искажувања и извештаи пишани после од страна на некои партиски функционери кои не беа непосредни учесници во настаните, не даваат секој пат вистинска слика за она што се случи.

Групата на оваа Хронологија работеше речиси две години. Ова е конечна верзија за која мислиме оти е најмногу доближена до вистинската слика и реален приказ на најважните настани од борбениот пат на партизанскиот одред "Даме Груев". Се потрудивме Хронологијата да не биде само суво редење на датуми, места, настани и имиња, туку тоа да има поширока димензија а да не бидат раскажувања на сеќавања. Основна цел и мотив на актерите за пишување е со овој колективен труд за идните генерации да остане овој кондензиран опис - раскажување за едно тешко и решавачко време на нашата револуција и една непокорена младост која јуриша на небо, со упорност и интузијазам адекватен на тоа тешко и сурово време.

2. Во групата што работеше на оваа Хронологија се водеше долга расправа околу тоа: дали партизанскиот одред "Даме Груев" и четата "Сандански" се две самостојни партизански единици, или станува збор за еден единствен одред "Даме Груев" како што беше

замислено при формирањето со две чети кои поради настанатата ситуација беа принудени неколку месеци да дејствуваат одвоено и тоа во повеќето време и само поделени во групи поради тешките услови за работа. На крајот преовлада мислењето дека се работи за еден единствен партизански одред "Даме Груев", така е прикажано и во Хронологијата.

Одредот "Даме Груев" кога се формира во Битолско и Преспа, НОД беше во подем. Во тоа време веќе се располагаше со искуство од првите јодреди 1941 година и трагичната судбина на Битолскиот партизански одред "Пелистер" во пролетта 1942 година. Тоа овозможи одредот "Даме Груев" да се проектира во нов концепт: да биде бројно јак, да дејствува на широк оперативен простор и да дејствува самостојно. Уште од формирањето поради апсења во Битола дојде до промена на бројниот состав-одредот се формира само со една чета. Стив Наумов, кој беше главен и непосреден организатор на одредот "Даме Груев" во писмото до ПККПМ од јуни 1942 година, на почетокот откако ја изнесува состојбата по провалата (пролетна) кажува: "Бев во Прилеп и зборував со Илинденски(Тарцан) за исфрлање на партизански одред, ќе гледам до 25 да биде само една чета. Повеќе немаме, поради кадар, срцето ми се кине кога гледам што луѓе на непријателот му паднаа в раце".

Предвиденото нараснување на одредот и неговото оперативно оспособување беше прекинато во жестоката бугарска офанзива (по акцијата во Кажани) и загинувањето на Стив и Мите. Подготовките за формирање на втората чета, кои беа во тек, беа пренасочени кон село Лавци на Пелистер. Четата "Сандански" по формирањето повеќе од еден месец беше пасивна во исчекување да оди во составот на својот матичен одред. Во изворната документација за партизанската единица "Јане Сандански" повеќе се употребуваат називот чета, а

во сеќавањата на припадниците на оваа партизанска единица, повеќе е во употреба називот одред, ова доаѓа од таму што во тоа време беше вообичаен називот одред за секоја партизанска единица. Називот чета, како партизанска формација кај нас почна да се употребува подоцна со формирањето поголеми партизански формации. За цело време одредот "Даме Груев" и четата "Сандански" имаа постојана врска за тогашните прилики, прво преку Трајан Белев-Гоце, член на окружниот комитет, а во текот на зимата 1942-1943, веќе беа воспоставени редовни контакти и договори непосредно меѓу раководствата на одредот и четата. Така дојде до приклучување на четата "Сандански" кон својот матичен одред, делумно во февруари и целосно во март 1943 година без посредство или посебна наредба.

3. По почетниот полет, партизанското движење во Битолско и во Преспа, во втората половина на есента 1942 година западна во сериозна криза, како резултат на објективи и субјективни причини. Цениме оти субјективните слабости и колебања на командите и партиските раководства доминираа во тој период. Одредот "Даме Груев" и четата "Сандански" иако дејствуваа одвоено, на разни терени и места со различен интензитет на окупаторската активност, обете партизански единици еднакво тешко ја преживеаја есента 1942 година и една и другата беа принудени да се поделат во повеќе групи.

При формирањето на одредот "Даме Груев" применет е нов концепт, меѓутоа новата ориентација на првите посериозни тешкотии потклекна. Што фактички се случуваше во тоа време во развојот на партизанското движење на Македонија да допушти такви осцилации во динамиката и расположението кај партизанските единици тешко е да се објасни. Тоа не може да се правда само со интензитетот на окупаторските дејства и немањето потребно искуство за партизанска борба. Не е тајна оти во ПК КПМ - во тоа време имаше различ-

ни мислења во поглед да интензитетот во развојот на партизанската борба. Стив Наумов, беше фанатичен приврзаник на оваа струја во ПК која развојот на партизанската вооружена борба, против окупаторот и домашните предавници ја поставуваат како основа за натамошен развој на НОД во Македонија. Стив во оваа смисла и дејствуваше како главен и непосреден организатор на одредот "Даме Груев". Неуморно се залагаше за ширење и борбено оспособување на одредот. Со фанатична храброст и личен пример знаеше борците да ги мотивира за самопрегор и пожртвување. Со смртта на Стив, остана голема празнина, која долго време немаше кој соодветно да ја пополни.

Зимата 1942/43 година кога се очекуваше уште повеќе да се продлабочи кризата на одредот и четата, се случи спротивното и одредот и четата најдоа внатрешни сили (користени беа меѓусебни контакти и договори) да го свртат негативниот тренд и да ги консолидираат своите редови. Командантите ја искористија зимата за конкретни подготовки за спојување и програмирање на идните акции на здружениот партизански одред "Даме Груев". На крајот во врска со сево ова, останува отворено прашањето зошто во есента 1942 година, партизанското движење во Битолско и Преспа не го направи она што успешно го направи во зимата 1943 година, кога климатските услови беа многу потешки.

4. Одредот "Даме Груев" дејствуваше само 13 месеци и за тоа време даде голем придонес во развојот на НОД, а посебно во развојот и афирмацијата на партизанското движење во Македонија. Борбениот пат, одредот го започна во Битолско и Преспа, своите дејства во зимата 1942/43 година, ги пренесе во Леринско и во албанскиот дел на Преспа; пролетта 1943 година, одредот се префрли во Костурско и во Леринско и заедно со грчките партизани создаде слободна територија и прва наша партизанска база. На крајот на

пролетта 1943 година, одредот нарасна на преку стотина борци, кога во село Прокопана, се формира нов партизански одред "Гоце Делчев". Веднаш потоа, одредот "Даме Груев" се враќа во Преспа, каде што исто така создава партизанска база и формира исто така нов партизански одред, тој заминува за Дебарца, каде што исто така создава слободна територија и како јадро влегува во состав на новоформираниот баталјон "Мирче Ацев".

Ова е импозантен поход, исполнет со вонредни резултати, не толку големи на воен план, но затоа извонредни на мобилизациски, политички и афирмација на партизанското движење. Одредот оствари успешна соработка со Грчката и Албанската партија и партизани. Создаде услови и обезбеди кадар за формирање нови партизански одреди и на крајот се вклучи во првата оперативна единица на македонската регуларна војска. Одредот "Даме Груев" на овој пат помина повеќе од илјада километри, влезе и одржа митинзи во повеќе од стотина села и контактираше со повеќе илјади луѓе. Борбените патроли на одредот, во извршувањето на своите курирски и извидувачки задачи, крстосуваа по јужна и западна Македонија, често ги минуваа државните граници и демаркационите линии и илегално влегуваа во Битола. Во овие активности имаше несакани средби и оружени судири со полицијата и со граничарите.

5. Партизанскиот одред "Даме Груев" по кадровскиот состав, просторот на кој дејствуваше, задачите кои ги извршуваше и според постигнатите конкретни резултати, може слободно да се каже дека беше единствениот македонски партизански одред со изразито оперативни задачи. По искуството од есента и зимата, одредот ги реафирмира основните принципи на партизанското војување: иницијатива, постојана активност, дејство на широк оперативен простор, самостојност, масовност и создавање нови бази за партизанско дејствување.

Кога се пишува или се зборува за партизанскиот одред "Даме Груев", често се употребуваат разни придавки како што се: битолски, преспански, битолско-преспански, охридски и слично. Со ова се прави збрка и обид на овој одред да му се даде локален карактер и со тоа, свесно или несвесно, да се стесне неговото значење и улога. Називот македонски-партизански одред "Даме Груев" е доволно претпознатлив да се знае за кој партизански одред се зборува. Исто така, мислиме оти е погрешно што Преспанскиот-партизански одред (по поаѓањето на "Даме Груев" во Дебарца) го присвои називот "Даме Груев". Овие на око ситни пропусти на идните генерации ќе им внесат збрка а тоа ние учесниците на овие историски настани не смееме да го дозволиме.

6. Во објавените документи од НОВ за партизанскиот одред "Даме Груев" и четата "Сандански" изречена е една неправедна оценка: еве за што станува збор. Во писмото на окружниот партиски комитет од 9 март 1943 година упатена до четата "Сандански" покрај другото се вели: "Според вашите извештаи дека уште не сте подготвени да примите нови партизани ние го известивме главниот штаб и ПК. бидејќи тие бараат да се примаат како борци сите кои доаѓаат од страна, како и тие што ќе ги испратат. Еве го нивниот став и мнение, ви го давам во препис: отргнете ја закожурченоста кај партизанските раководители да не можат да примаат нови луѓе. Потребно е да се свати дека времето е судбоносно и дека треба да се прошират партизанските одреди. Потребна е јака врска со заднината заради примање нови борци. Оружјето ќе се набави кога ќе се почне со акциите, (од документот бр.67, Зборник Том VII, книга I, страна 214-216).

Чудно е во ова цитирано писмо прво: Што е пишано на 9 март 1943 година, кога четата "Сандански" била веќе делумно префрлена во Преспа и куририте Добри и Тунело, во тоа време прифатија голема

група нови борци, второ: Окружниот комитет беше запознат со ставот на командата на четата, уште во почетокот на зимата, дека преку зимата не може да прима нови некомпромитирани борци и дека таквите можат да чекаат до пролет, трето: Таквиот став преку зимата 1942/43 година не го имаше само четата "Сандански" тоа го правеле сите партизански единици во Македонија. Што се однесува до мислењето на Главниот штаб и ПК, дека таквата закожурченост треба да се разбијат, тоа е сосема на место. Навистина на 9 март 1943 година не можеше со ништо да се брани - правда таква закожурченост освен со опортунизам и секташтво.

Можеби ова беше случаен пропуст. Било како било, тоа влезе во книгата на документи и еве како тоа може тенденциозно да се користи. Во извештајот на другарот Темпо од 8 август 1943 год., до ЦК КПЈ, за состојбите на Македонија, Космет итн. на едно место сосема правилно вели: "б) и кога се прејде на создавање партизански одреди преовладеа ставот дека тие не треба да се зголемуваат. На тој начин тие одреди живуркаа и како комити се исхранувале преку јатаци. Се разбира дека со таквиот начин на работа, однапред беа осудени на пропаст. Одредите одбивале да примаат нови борци под изговор дека и тие одвај се исхрануваат:" На овие мисли на Темпо, се нашол некој "поарен" познавач на тогашната ситуација и под напомена додал: "Ваков став имала четата на "Јане Сандански" во зимата 1942/43 година".

Темпо во изнесените оцени, мислел на сите партизански одреди во Македонија во тоа време. А еве што напишал конкретно за Битолскиот одред (мислел на Даме Груев) и четата "Сандански", бидејќи во документи се водат како еден одред) и тоа веднаш во продолжение на пасусот што беше цитиран: "Кога окупаторот посилно стегнал и извршил провала во мрежата на јатаците, одредите се оставени сами на себе. Бидејќи немале перспектива во партизанско

војување, тие еден по еден настрадале. Во текот на 1942 година, имаше 6 одреди со по 10-15 борци и тие сите се разбиени, освен Битолскиот "Даме Груев" кој минал на албанска територија и тоа сам на своја рака и така се зачувал". И овој пасус на некој-анинимус му се "поткрадна грешка" и во напомена вели: "Во летото 1942 година, одредите биле "Димитар Влахов", "Питу Гули", "Ѓорче Петров", "Пере Тошев" и четата "Сандански". Велешкиот одред "Перо Тошев" се слеал во крајот на септември 1942 година со дел од партизаните на разбиениот одред "Димитар Влахов" во еден одред под името "Димитар Влахов" кој броел преку 100 партизани". (Од документот бр.97, Зборник, Том 7, книга I, страна 330-331). Овде не се споменува одредот "Даме Груев" за кого зборува Темпо на своја рака се префрлил во Албанија и така се зачувал. Сево ова се историски факти кои бараат прецизност и настаните да се поставaт на своето вистинско место.

7. Хронологијата за формирањето и борбеност пат на партизанскиот одред "Даме Груев" ја изготви секцијата на одредот за негување на револуционерните традиции. Во пишувањето непосредно учествуваа група преживеани борци од одредот, меѓу кои повеќето минаа низ сите етапи од борбениот пат на одредот "Даме Груев". Активноста во текот на изработката на оваа Хронологија ја координираше и конечниот текст го состави претседателот на Секцијата Бено Русо-Коки.

Со полна политичка и морална одговорност за сево ова што е напишано во оваа Хронологија стојат: Бено Русо-Коки, Гавро Гјановски-Јуноша, Крсто Соколовски-Јордан, Митре Ангеловски-Саве, Ефтим Ристевски, Панде Толевски, Круме Димитровски-Мичо, Јордан Наумовски-Колче, Атанас Тасевски-Комитот, Живко Стефановски, Борче Ламбевски, Илија Јовановски-Томе, Ѓорги Бендевски-Џони, Жамила Колономос-Цвета, Ѓоко Тапанџиевски, Лазо Темелковски,

Атанас Ристевски-Танаско, Васко Ангеловски-Пурино, Петар Лутовски-Малчик, Вангел Нечевски-Тунело, Вангел Илиевски-Аптекарот, Борис Алтипармаковски, Милан Павловски, Ѓорги Павловски, Ѓорги Трајковски, Кире Јошевски-Пере и Ристо Тодоровски-Вет.

9.12.1991
Скопје

СЕКЦИЈА НА ОДРЕДОТ
"ДАМЕ ГРУЕВ"

Прилози кон Хронологијата:

1. Именичен список на сите борци припадници на партизанскиот одред "Даме Груев"
2. Шеми за борбениот пат на одредот "Даме Груев" 1, четата "Јане Сандански" и одредот "Даме Груев" 2

# ИМЕНИЧЕН СПИСОК

на сите борци припадници на партизанскиот одред "Даме Груев"

| Ред. број | Име, Презиме, Надимак | Год. на раѓ. и место | Занимање тогаш | Стапи во партизани | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јосиф Јосифовски-Ѓорче | 1914 | Правник | јули 1942 | загина 1942 |
| 2 | Ѓоре Велковски-Коста | Прилеп | Работник | окт. 1941 | умре после војната |
| 3 | Пецо Вожиновски-Кочо | Битола | Работник | јули 1942 | умре после војната |
| 4 | Вангел Нечевски-Тунело | Битола | Работник | јули 1942 | |
| 5 | Ристо Тодоровски-Вет | Битола | Работник | јули 1942 | |
| 6 | Гавро Пановски-Јуноша | Битола | Ученик | јули 1942 | |
| 7 | Петар Лутовски-Малчик | Битола | Ученик | јули 1942 | |
| 8 | Ламбе Бошевски-Јане | Битола | Работник | јули 1942 | |
| 9 | Виктор Мешулам-Бустрик | Битола | Работник | јули 1942 | живее во Изр. |
| 10 | Илија Јовановски-Томе | Битола | Службеник | јули 1942 | до окт. 1942 после пасив. |
| 11 | Пепо Песо-Цане | Битола | Работник | јули 1942 | убиен 1942 |
| 12 | Илија Иговски-Цветан | Прилеп | Работник | октом. 1941 | загина 1944 |
| 13 | Наум Веслиевски-Овчар | Златари Преспа | Селанец | јули 1942 | умре после војната |
| 14 | Крсте Соколовски-Јордан | Златари Преспа | Селанец | јули 1942 | |
| 15 | Мите Трајчевски-Старејко | Златари Преспа | Селанец | јули 1942 | загина 1943 |
| 16 | Славе Илиевски-Стево | Кривени Преспа | Селанец | јули 1942 | умре после војната |
| 17 | Илија Спирковски-Панде | Јанкоец Преспа | Студент | јули 1942 | умре после војната |
| 18 | Круме Димитровски-Мичо | Грнчари Преспа | Селанец | август 1942 | умре |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19 | Јордан Наумовски-Калче | Грнчари Преспа | Селанец | август 1942 | |
| 20 | Ристо Глобочки | Преспа | Селанец | август 1942 | дезертер |
| 21 | Коста Кусаковски | Преспа | Селанец | август 1942 | стрелан од 22.11.1942г. Италијан |
| 22 | Крсте Ивков | Преспа | Селанец | август 1942 | дезертер |
| 23 | Стерио Георгиевски -Жорж | Битола | Работник | август 1942 | загина 1941 |
| 24 | Леон Вогрич | Словенија | Итал.војн. | август 1942 | загина 1942 |
| 25 | Тодор Ангеловски - Строгов | Битола | Учител | септ.1942 | загина 1943 |
| 26 | Ванчо Прке-Сермен | Штип | Студент | септ.1942 | загина 1943 |
| 27 | Бено Русо-Коки | Битола | Работник | септ.1942 | |
| 28 | Димче Милевски-Добри | Нижеполе Битола | Селанец | септ 1942 | умре после војната |
| 29 | Никола Стефановски -Коле | Битола | Студент | септ 1942 | умре после војната |
| 30 | Петар Пуплески-Пепи | Битола | Работник | септ.1942 | загина во Леринско 23 апр 1943 |
| 31 | Анести Пановски | Битола | Студент | септ.1942 | умре после војната |
| 32 | Трајче Груевски-Павле | Битола | Студент | септ.1942 | |
| 33 | Кочо Чолаковски -Станко | Нижеполе Битола | Селанец | септ.1942 | загина 1942 |
| 34 | Вандо Лазаревски | Нижеполе Битола | Селанец | септ.1942 | умре после војната |
| 35 | Нисим Алба-Мики | Битола | Работник | септ.1942 | |
| 36 | Арон Ароести | Битола | Трговец | септ.1942 | загина 1942 |
| 37 | Сотир Брбовски-Ило | Лавци Битола | Селанец | септ.1942 | |
| 38 | Крсте Самарковски | Лавци | Селанец | септ.1942 | |
| 39 | Мордехај Нахмијас | Битола | Работник | септ.1942 | загина 1944 |
| 40 | Панде Костов Ивановски | Нижеполе | Селанец | септ.1942 | фатен од полицијата септ.1942 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 41 | Никола Тодоровски -Канински | Канино Битола | Правник | септ. 1942 | загина 1944 |
| 42 | Петар Нешковски-Пјер | Канино | Селанец | септ. 1942 | умре после |
| 43 | Васил Бошевски | Канино | Селанец | септ. 1942 | умре после |
| 44 | Петре Новачески | Породин | Селанец | окт. 1942 | |
| 45 | Ристо Трпеноски | Велушина | Селанец | окт. 1942 | умрен |
| 46 | Блажо Трпеноски | Велушина | Селанец | окт. 1942 | |
| 47 | Насе Гецовски | Породин | Селанец | ноем. 1942 | |
| 48 | Алексо Мусаловски | Драгош | Селанец | ноем. 1942 | |
| 49 | Јордан Крстески | Ротино | Ученик | декем. 1942 | |
| 50 | Тоде Деријевски-Кумо | Лавци Битола | Селанец | декем. 1942 | |
| 51 | Панде Јовчевски-Кајзеро | Лавци Битола | Селанец | декем. 1942 | загина 1943 |
| 52 | Милан Илиевски-Саша | Лавци Битола | Фурнаџија | декем. 1942 | |
| 53 | Ѓоко Тапанџија | Битола | Матурант | март 1943 | |
| 54 | Васко Ангелоски-Пирино | Битола | Работник | март 1943 | |
| 55 | Соломон Садикарио-Мо | Битола | Ученик | март 1943 | загина 1944 |
| 56 | Самуел Садикарио-Сами | Битола | Ученик | март 1943 | загина 1945 |
| 57 | Алберто Касорла-Берто | Битола | Матурант | март 1943 | во Израел |
| 58 | Алберто Русо-Коте | Битола | Работник | март 1943 | во Риjека |
| 59 | Гоце Трајкоски-Башнелик | Битола | Работник | март 1943 | |
| 60 | Панде Лочето | Битола | Работник | март 1943 | |
| 61 | Цане Павловски | Битола | | март 1943 | |
| 62 | Петко Велкоски | Прилеп | Работник | март 1943 | умрен |
| 63 | Јонче Георгиески | Битола | Работник | март 1943 | |
| 64 | Димче Димитровски | Крстоар Битола | Селанец | март 1943 | се предаде 1943 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 65 | Јосиф Неделковски-Ноне | Лавци Битола | Селанец | март 1943 | |
| 66 | Васко Карангелевски | Брусник Битола | Селанец | март 1943 | загина после |
| 67 | Вангел Илиjески | Битола | Работник | март 1943 | |
| 68 | Митко Цветковски-Ганчо | Прилеп | Работник | март 1943 | загина во војната |
| 69 | Фана Кочовска | Лавци | Селанка | март 1943 | |
| 70 | Жамила Колономос-Цвета | Битола | Матуран. | март 1943 | |
| 71 | Естреја Овадија-Мара | Битола | Работничка | март 1943 | загина 1944 |
| 72 | Адела Фараџи-Ката | Битола | Матурантка | март 1943 | во Израел |
| 73 | Естреја Леви-Лена | Битола | Работничка | март 1943 | во Израел |
| 74 | Пецо Гудовски | Лавци | Селанец | март 1943 | |
| 75 | Панде Ташкоски | Лавци | | март 1943 | |
| 76 | Димче Стериески | Диово | Селанец | март 1943 | |
| 77 | Трајко Костовски | Канино | Селанец | април 1943 | умре после |
| 78 | Мендо Спасовски | Канино | Селанец | април 1943 | |
| 79 | Ѓорги Бошевски | Канино | Селанец | април 1943 | |
| 80 | Живан Колевски | Канино | Селанец | април 1943 | |
| 81 | Ристо Тодоровски | Канино | Селанец | април 1943 | |
| 82 | Бошко Станковски | Брусник | Ученик | април 1943 | умре после |
| 83 | Дане Петковски | Брусник | Работник | април 1943 | |
| 84 | Јонче Георгиевски | Диово | Селанец | апр.мај 1943 | |
| 85 | Пандил Николоски | Канино | Селанец | апр.мај 1943 | |
| 86 | Милан Димовски | Канино | Селанец | апр.мај 1943 | |
| 87 | Горги Димовски | Канино | Селанец | апр.мај 1943 | |
| 88 | Ристе Спасовски | Канино | Селанец | апр.мај 1943 | |
| 89 | Крстин Чулакоски | Бистрица | Селанец | апр.мај 1943 | |
| 90 | Стојан Стојаноски | Бистрица | Селанец | апр.мај 1943 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 91 | Борис Стојановски | Бистрица | Селанец | апр.мај 1943 | |
| 92 | Ристо Кавалионски | Бистрица | Селанец | апр.мај 1943 | |
| 93 | Геро Фотев | Бистрица | Селанец | апр.мај 1943 | |
| 94 | Јонче Фотев | Бистрица | Селанец | апр.мај 1943 | ? |
| 95 | Тале Огненовски | Брусник | Селанец | апр.мај 1943 | |
| 96 | Цане Огненовски | Брусник | Селанец | апр.мај 1943 | |
| 97 | Ментеш Ишах-Киро | Битола | Работник | апр.мај 1943 | |
| 98 | Димко Кучински | Битола | Ученик | апр.мај 1943 | |
| 99 | Борис Алтипармак | Битола | Службеник | апр.мај 1943 | |
| 100 | Димитар Трпкоски-Трпче | Битола | Работник | апр.мај 1943 | ? |
| 101 | Живко Котевски | Царев двор | | април 1943 | умрен |
| 102 | Евтим Бодовски | Царедвор | Селанец | мај 1943 | умре после |
| 103 | Мите Трповски-Војводата | Покрвеник Преспа | | јуни 1943 | загина 1943 |
| 104 | Дилко Трповски | Покрвеник | Селанец | јуни 1943 | умрен |
| 105 | Лазе Темелковски-Ванчо | Покрвеник | Селанец | јуни 1943 | |
| 106 | Јордан Тасевски-Коста | Покрвеник | Селанец | јуни 1943 | умрен |
| 107 | Живко Митревски | Покрвеник | Селанец | јуни 1943 | умрен |
| 108 | Јордан Стојановски -Круме | Покрвеник | Селанец | јуни 1943 | загина 1943 |
| 109 | Панде Толевски | Покрвеник | Селанец | јуни 1943 | умрен |
| 110 | Атанас Ристовски | Покрвеник | Селанец | јуни 1943 | |
| 111 | Јане Трајчевски | Лавци Прес. | Селанец | јуни 1943 | умре 1978 |
| 112 | Горги Трајчевски | Лавци Прес. | Селанец | јуни 1943 | загина 1943 |
| 113 | Живко Андоновски | Лавци Прес. | Селанец | јуни 1943 | умрен |
| 114 | Киро Евтимовски | Лавци Прес. | Селанец | јуни 1943 | |
| 115 | Атанас Тасевски | Влкодери | Селанец | јуни 1943 | умрен |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 116 | Сандре Наумовски | Волкодери | Селанец | јуни 1943 | умре 1944 |
| 117 | Киро Јошевски-Перо | Прељуба | Селанец | јуни 1943 | |
| 118 | Милан Павловски | Прељуба | Селанец | јуни 1943 | умрен |
| 119 | Панде Белеш | Дрмени | Селанец | јуни 1943 | умрен |
| 120 | Боче Ламбевски | Царедвор | | јуни 1943 | умрен |
| 121 | Мите Прцуловски | Царедвор | Селанец | јуни 1943 | умрен; загина после [illegible] 1945 г. [illegible] |
| 122 | Мите Ангеловски-Саве | Брајчино | Селанец | јуни 1943 | |
| 123 | Живко Стефановски | Подмочане | | јуни 1943 | |
| 124 | Евтим Ристовски | Подмочане | Службеник | јуни 1943 | |
| 125 | Ноне Божиновски | Раица | Селанец | јуни 1943 | умрен |
| 126 | Агром Амети | Корча | Ученик | јули 1943 | загина 1944 |
| 127 | Атанас Тасевски-Комито | Покрвеник | Селанец | јули 1943 | |
| 128 | Тоде Андрејевски-Доне | Покрвеник | Селанец | јули 1943 | загина 1943 Белчиште |
| 129 | Христо Герасимовски -Бучко | Болно | Селанец | мај 1943 | загина 1943 Белчиште |
| 130 | Горги Бендевски-Џони | Гавато Битола | Селанец | мај 1943 | |
| 131 | Ристо Наумовски | Црвенавода | Селанец | авг.1943 | умре 1988 |
| 132 | Андон Андоновски | Црвенавода Дебарца | Селанец | авг.1943 | умрен |
| 133 | Русе Несторовски | Црвенавода | Селанец | авг.1943 | умрен |
| 134 | Стојмир Јордановски -Мирче | Песочани Дебарца | Селанец | авг.1943 | |
| 135 | Ванчо Трифуноски | Мраморец | Селанец | авг .1943 | |

ЗА БОРБЕНИОТ ПАТ НА ПАТИЗАНС. ОДРЕД



ЗА БОРБЕНИОТ ПАТ НА ПАТИЗАНС. ЧЕТА ЈАНЕ

